

# LNOB Извештај за социјално мапирање

Општина Куманово

Автор Проф.д-р Јадранка Денкова

Датум

**Извештај за LNOB Социјалното мапирање во Општина Куманово**

**Извештај за резултатите од социјалното мапирање:**
**„LNOB социјално мапирање и креирање политики базирани на докази во Општина Куманово“**

**Општина Куманово/Центар за европска граѓанска иницијатива**
**Автор Проф.д-р Јадранка Денкова, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип**

**март 2024**

**БЛАГОДАРНОСТ**

Изразуваме голема благодарност за соработката и придонесот во подготовката и реализацијата на социјалното мапирање до:

Боран Иваноски – Мрежа на асоцијации на локални власти на Југоисточна Европа (НАЛАС)

Тања Стефановска – Општина- Општина Куманово

Наталија Спасовска – Германско друштво за меѓународна соработка (ГИЗ)

Ирена Николов – Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија (ЗЕЛС)

Благородна Шопова – поранешна вработена во ЗЕЛС

проф. д-р Наташа Стојковиќ – Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (статистичка обработка на податоци)

проф. д-р Лимонка Коцева-Лазарова – Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (статистичка обработка на податоци)

Јадранка Вареловска – Центар за европска граѓанска иницијатива (контрола на квалитет на теренско истражување и на внес на податоци)

Андреја Поп-Арсов (геотагирање и внес на податоци)

Марија Николова – практикантка во Центар за европска граѓанска иницијатива (административно-логистичка поддршка)

Теодор Глигоров – практикант во Центар за европска граѓанска иницијатива (административно-логистичка поддршка)

Фросина Симоновска – Здружение Регионален центар за лица со интелектуална попреченост „Порака Наша“ Куманово

Овој Извештај е изработен со поддршка на Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH и Мрежата на асоцијации на локални власти на Југоисточна Европа (НАЛАС). Тој се темели на наодите од социјалното мапирање спроведено во Општината Куманово. За содржината на оваа публикација е единствено одговорна Центар за европска граѓанска иницијатива, проф. д-р Јадранка Денкова и на ниеден начин не смее да се смета дека ги изразува ставовите и видувањата на GIZ GmbH.

Содржина

**Извршно резиме ............................................................ Greška! Obeleživač nije definisan.**

1. Целна(и) група(и) на социјалното мапирање ............................................................ 6

1.1. Објаснување зошто целната(ите) популација(и) е LNOB група ............................ 6

1.2. Резиме на консултациите со општинските службеници и останатите чинители 9

1.3. Резиме на анализата на секундарните податоци ................................................ 9

2. Кратки информации за Општината Куманово и политиките на локално ниво ........ 11

3. Цели на социјалното мапирање ............................................................................ 14

4. Методологија ............................................................................................................ 16

5. Резултати од социјалното мапирање ...................................................................... 19

5.1. Анализа на географското означување (геотагирање) за достапните социо-економски ресурси ............................................................................................ 19

5.2. LNOB група - _____________ ................................................................................ 20

6. Анализа на фокус група - _______________________ ........................................... 59

7. Заклучоци и препораки ............................................................................................ 70

Препораки во согласност со ЦОР ................................................................................ 75

**Извршно резиме**

Социјалното мапирање е основен метод за презентирање на знаењата за просторите и луѓето во кои живеат во нив. Социјалното мапирање им помага на локалните власти да развијат приспособени локални политики за социјална заштита и мерки за справување со специфичните потреби на ранливите групи на граѓани. Општата цел на мапирањето е да придонесе за социјално вклучување на обесправените групи, подобрување на квалитетот на животот, како и поттикнување на социјалната кохезија на локално ниво преку промовирање на локализацијата од Агендата 2030 и нејзините цели, особено, принципот „Никого не оставај зад себе“ – LNOB на општинско ниво. Центарот за европска граѓанска иницијатива, во 2023 година беше ангажиран да го спроведе социјално мапирање на територијата на општина Куманово на претходно развиена методологија од страна на GIZ GmbH и во координација со претставници на НАЛАС и Општината. Општата цел на мапирањето „Спроведување на LNOB социјално мапирање и креирање политики базирани на докази во општина Куманово”, беше насочена кон одговорните лица во Општина Куманово да развијат приспособени локални политики кои ќе им помогнат на лицата со попреченост и ранливите категории на граѓани. Главната цел е да се воведат нови форми и начини на спроведување на услуги за ранливите категории на граѓани кои ќе им овозможат полесно вклучување во општественото живеење. Покрај тоа целта на мапирањето беше да се согледаат проблемите со кои се соочуваат надлежните социјални институции и невладини организации од општина Куманово кои се задолжени за грижа и помош на лицата со попреченост и ранливите категории на граѓани, како и подобрување на можностите и условите на истите. Главниот акцент е ставен на дневниот центар Центарот за рехабилитација и реинтеграција за унапредување на услугите за рехабилитација и реинтеграција на лицата со интелектуална попреченост. Истражувањето овозможи да се добијат сознанија за нивото и формата на ранливост на лицата со попреченост, мажи и жени во општина Куманово, како и кои се можностите за подобрување на нивната состојба во Општината. Се идентификуваа ставовите на лицата со попреченост за надминување на проблемите и подобрување на услугите што ги добиваат. Се изврши структурирање на потребите на лицата со попреченост, мажи и жени, во различни области (образование, транспорт, домување, социјална грижа, вработување, политичко учество, заштита и спасување итн.). Резултатите ќе помогнат да се добие проценка за квалитетот и ефективноста на тековните социјални услуги и ќе им помогнат на Општината, Центарот за социјална работа, Агенцијата за вработување, Фондот за здравство, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и невладините организации да преземат активности и нудат услуги врз основа на препораките од социјалното мапирање. Податоците од социјалното мапирање ќе придонесат и за подобрување на локалните планови за управување со кризи и за заштита и спасување.

1. **Целна(и) група(и) на Социјалното мапирање**

Приоритет е даден на целната група на лица со попреченост бидејќи:

- оваа група е најбројна во споредба со другите целни групи;
- пазарот на труд, пристапот до стоки и услуги се во најголем економски ризик;
- лицата со интелектуална попреченост се крајно исклучени и имаат потреба од постојани и различни видови услуги;
- лицата со попреченост се најмногу дискриминирани во споредба со другите групи;
- проблемите на лицата со попреченост имаат влијание врз квалитетот на животот на сите членови на семејството;
- има голем број на лица кои ги нема во податоците на евиденцијата на Центарот за социјална работа бидејќи не добиваат додаток за попреченост или друг вид поддршка како и не се во базата на здруженијата на лица со попреченост;
- лицата со телесен инвалидитет имаат проблем со пристапот до објектите;
- лицата со попреченост се соочуваат со недоволен пристап до пристапни информации;
- лицата со попреченост имаат недоволен пристап до услуги, особено услуги во домот и заедницата, како и услуги на вон семејна заштита;
- лицата со попреченост често немаат доволно познавање за социјалните права и пристапот до социјалните услуги, образование и здравство, а најмногу зависат од помошта од државата;
- недостасуваат мерки за превенција и справување со ризици и катастрофи на лицата со попреченост;

**1.1. Објаснување зошто целната(ите) популација(и) (с)е LNOB група**

<u>Почетни претпоставки и согледувања за секоја ранлива категорија</u>

Општините од Западен Балкан, во овој циклус на социјално мапирање, имаа можност да изберат за која целна група е потребно да се направи социјално мапирање. Подолу се дадени аргументи зошто им се дава приоритет на лицата со попреченост. Во однос на другите ранливи категории во општина Куманово, идентификувани се потребите и проблемите на истите.
Во однос на старите лица во Куманово евидентирани се 502 стари лица над 65 годишна возраст кои се корисници на правото на социјална сигурност на стари лица. Старите лица имаат потреба од услугата помош и нега во домашни услови. Старите лица повеќе сакаат да живеат во нивните домови при што одбиваат да бидат сместени во специјализирани установи за стари лица. Здружението Порака Наша преку проектот „Ублажување на ефектите и последиците од Ковид-19 на најранливите групи во општеството со посебен фокус на постари лица и лица со попреченост" покажа дека навистина постои потреба од услугата сервис за помош и нега во домот. Овој проект Порака Наша го реализира веќе 21 месец. Согласно податоците од Социјалниот план на Општината, бројот на

корисници на гарантирана минимална помош изнесува 2814. Додека бројот на деца без родители или родителска грижа сместени во згрижувачко семејство изнесува 19.
На територијата на општина Куманово, постојат и деца во ризик, односно деца на улица кои питачат на поголемите раскрсници во градот, како и деца кои злоупотребуваат психотропни супстанци во напуштени локации низ градот. Во врска со овој проблем општина Куманово има потреба од отварање на Центар за деца во ризик кој ќе биде наменет за дневно згрижување на овие деца и нивна реинтеграција во системот.
Ромското население што живее на територијата на општина Куманово се сретнува со голем број на проблеми. Нерешени станбени прашања, живеење во субстандардни услови, нерешени инфраструктурни прашања, лоша инсталација, септички јами, вода од бунари. Ромското население се соочува и со низок процент на писмено население, младите одбиваат да се школуваат. Ромското население има потреба од инклузија во сите сфери на општественото живеење.
Во Центарот за социјални работи на Куманово во 2022 година се регистрирани вкупно 15 случаи на семејно и родово базирано насилство. Дел од жртвите имаат потреба од привремено згрижување или згрижување во регионален шелтер центар. Општината планира овие услуги да ги испорачуваат од страна на здруженија кои работат со оваа проблематика. Со финансиска поддршка од Општината воспоставено е Советувалиште за жени жртви на семејно насилство„Комфор зона“ Куманово и истите во 2023 година добија лиценца за работа од страна на Министерствотот за труд и социјална политика.

Оправдување зошто целната(ите) популација(и) (с)е LNOB група

***Географија:*** Лицата со телесен инвалидитет (лица кои користат помагала за движење и лица кои користат инвалидска количка) имаат проблем со пристапот до некои од објектите (амбулантни, болници, продавници, пазари, културни институции, одделенија на министерства и други органи на управа, административни објекти под надлежност на општината, спортско-рекреативни објекти, училишта и сл.), како и внатре во зградите (недостиг на лифт, постоење на инфраструктурни бариери, немање приспособен тоалет и сл.). Слепите и лицата со оштетен вид имаат проблеми со пристапноста поради недоволно видливите означени краеви на скалите и физичките бариери. Просторот околу зградите и внатре не се доволно осветлени. Некои од улиците имаат тесни тротоари; без пешачки патеки за слепи лица и без звучни семафори. Некои улици и јавни површини не се доволно осветлени. Јавниот превоз што го поврзува градот со селата или со другите градови не е достапен за лицата со телесен инвалидитет.

***Социо-економски статус:*** Висока стапка на невработеност на лицата со попреченост; голем процент од вработените имаат минимален приход; економски се зависни од другите членови на семејството; лицата со интелектуална попреченост имаат потреба од постојана грижа; родителите на деца со попреченост често ја напуштаат работата за да се грижат за своите деца.

***Дискриминација:*** Попреченоста е најчеста основа на дискриминација во општината, иако има мал број претставки за дискриминација по оваа основа до Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита против дискриминација. Лицата со попреченост ретко препознаваат и пријавуваат дискриминација. Дискриминација врз

основа на попреченост постои во сите области и кај сите лица со попреченост се дискриминирани, без разлика на видот на попреченоста. Висок процент од лицата со попреченост се дискриминирани при пристапот до пазарот на трудот. Има ограничен тип на работни места, не се применува принципот на разумно прилагодување на работното место, немаат можност за кариерен развој и се злоупотребуваат нивните работнички права. Децата во училиштата често се дискриминирани; не постои индивидуален пристап во текот на нивното образование во некои училишта; многу деца не се идентификувани како лица со попреченост на рана возраст; едукативните материјали не се прилагодени на нивните потреби; сите деца со попреченост не се покриени со лични и образовни асистенти. Родителите на деца со попреченост се дискриминирани во заедницата и многу од нив не користат услуги за поддршка. Некои лица со попреченост имаат проблем да пристапат до услуги поради недостаток на лични асистенти; дел од оние со телесен инвалидитет немаат можност да купат соодветни и квалитетни помагала за подобра мобилност. Недостига поголема свест на лицата со попреченост за услугите и поддршката што им се достапни од државата и општината. Некои лица со попреченост не се категоризирани и не добиваат никаква поддршка што им е законски загарантирана.

***Управување*:** Лицата со попреченост често се дискриминирани од јавната администрација. На граѓаните со попреченост често им се ускратува правото да избираат и да ја изразат својата волја и мисли. Оваа заедница не е застапена во општинскиот совет. Нема човек со инвалидност на раководно место во општинската администрација или во локалните одделенија на министерствата и други органи на управата. Лицата со попреченост се исклучени од политичкиот живот бидејќи нема лице со попреченост кое е член на локално тело на политичка партија. Лицата со попреченост немаат добар пристап до избирачки места. Локалните медиуми немаат преведувач на знаковен јазик; голем број информативни материјали не се достапни за слепите и поедноставени за лицата со интелектуална попреченост.

***Шокови***: Лицата со попреченост се најмногу изложени на последиците од природните и техничките катастрофи и може да бидат загрозени нивниот живот и нивното здравје. Пожарите, поплавите, земјотресите, одроните и свлечиштата на земјиште, рушевини, епидемии и сл. може да бидат ризици и опасности на кои најранливи се лицата со попреченост. Глувите, слепите, слабовидните и лицата со интелектуална попреченост имаат проблем со навремена и соодветна информација од одредени ризици и опасности за да може соодветно да реагираат и да ја избегнат. Доколку настанала некоја катастрофа, тие имаат поголем проблем во однос на останатите лица за да ја избегнат опасноста, особено слепите и слабовидните лица, лицата со телесна попреченост и лицата со интелектуална попреченост. Исто така, објектите и инфраструктурата не е адаптирана за да се направи брза и соодветна евакуација на овие лица. Во плановите за Заштита и спасување и Планот за справување со кризи не се предвидени начините за предупредување, евакуација и заштита на лицата со попреченост. Како најголеми ризици се одроните, поплавите и пожарите.

## 1.2. Резиме на консултациите со општинските службеници и останатите чинители

Со цел да се утврди целната група, Општината имаше претходна дискусија меѓу вработените во општинската администрација за да се разгледаат потребите на различните категории на ранливи групи и да се утврдат тековните и идните услуги што ги добиваат на локално ниво. Потоа, претставниците на Општината разговараа со претставниците на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС). Критериумите за избор и приоритизација на целната група беа поставени на средбата меѓу Центарот за европска граѓанска иницијатива, Општината, Здружение за промоција и развој на инклузивни општество „Инклузива" и ЗЕЛС. Покрај тоа за утврдување на целните групи се користеше и Социјалниот план на Општина Куманово кој се однесува за период 2023-2026 година, истражување спроведено од Здружение за промоција и развој на инклузивни општество „Инклузива", реализирано во 2022 година, Годишната програма за работа на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Куманово за 2023 година, Извештајот за спроведени активности на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Куманово за 2022 година и Стратегијата за ромите во општина Куманово за период од 2023-2030 година.

## 1.3.Резиме на анализата на секундарни податоци

Специфични проблеми на лицата со попреченост во општина Куманово
/Извор: интервју и прашалник со преставници од надлежни институции, резултати од претходни истражувања/

Специфичните проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост:

Проблемите со коишто се соочуваат лицата со попреченост се: социјална исклученост, недоволни финансиски средства за лекување или пак плаќање на третмани за рехабилитација, работно оспособување, осамостојување и слично. Недоволен пристап до пристапни информации на лицата со попреченост, како и недоволен пристап до услуги, особено услуги во домот и заедницата, како и услуги на вон семејна заштита. Лицата со попреченост многу малку се вклучени во образованието и пазарот на трудот. Лицата со попреченост често немаат доволно познавање за социјалните права и пристапот до социјалните услуги, образование и здравство, а најмногу зависат од помошта од државата. Тие се жалат на социјална исклученост. Голем проблем се недоволните финансиски средства за лекување или пак плаќање на третмани за рехабилитација, работно оспособување, осамостојување и слично. Досегашното искуство јасно покажува дека лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства не се информирани и имаат недоволна поддршка при остварување на законските права. Заради овој проблем тие се спречени да се вклучат во редовните текови на заедницата. Лицата со интелектуална попреченост добиваат некомплетни и неквалитетни информации од несоодветни извори така да поминува многу време до остварување на нивните основни права (образование, вработување, остварување приход, користење на социјална и здравствена заштита и др.). Лицата со интелектуална попреченост кои се корисници на услугите на Центарот за рехабилитација и реинтеграција, откако ќе дојдат дома немаат никакви активности и обврски. Родителите не се во можност повеќе да

обезбедат квалитетно слободно време на нивните деца поради возраста, а и обврските кои ги имаат. Нивните браќа/сестри имаат свои обврски, корисниците немаат другари/пријатели со кои можат да бидат дел од актуелните случувања во градот. Покрај тоа, лицата со пореченост имаат потреба од повеќе категории на социјални услуги како што се: Индивидуални специјализирани услуги, Иновативни услуги (спортско- рекреативни, културни и социјални услуги).

Општи проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост:

Главен проблем во целата општина е што ***нема пристап до јавни објекти и простори во објекти за лицата со попреченост:*** Лицата со телесен инвалидитет (лица кои користат помагала за движење и лица кои користат инвалидска количка) имаат проблем со пристапот до некои од објектите (амбулантни, болници, продавници, пазари, културни институции, одделенија на министерства и други органи на управа, административни објекти под надлежност на општината, спортско-рекреативни објекти, училишта и сл.), како и внатре во зградите (недостиг на лифт, постоење на инфраструктурни бариери, немање приспособен тоалет и сл.). Слепите и лицата со оштетен вид имаат проблеми со пристапноста поради недоволно видливите означени краеви на скалите и физичките бариери. Просторот околу зградите и внатре не се доволно осветлени.
***Пристапност на улица и јавни површини:*** Некои од улиците имаат тесни тротоари; без пешачки патеки за слепи лица и без звучни семафори. Некои улици и јавни површини не се доволно осветлени.
***Јавниот превоз***: што го поврзува градот со селата или со другите градови не е достапен за лицата со телесен инвалидитет.
***Висок процент од лицата со попреченост се дискриминирани:*** при пристапот до пазарот на трудот. Има ограничен тип на работни места, не се применува принципот на разумно прилагодување на работното место, немаат можност за кариерен развој и се злоупотребуваат нивните работнички права.
***Децата во училиштата често се дискриминирани:*** не постои индивидуален пристап во текот на нивното образование во некои училишта; многу деца не се идентификувани како лица со попреченост на рана возраст; едукативните материјали не се прилагодени на нивните потреби; сите деца со попреченост не се покриени со лични и образовни асистенти. Родителите на деца со попреченост се дискриминирани во заедницата и многу од нив не користат услуги за поддршка.
***Мобилност*****:** Некои лица со попреченост имаат проблем да пристапат до услуги поради недостаток на лични асистенти; дел од оние со телесен инвалидитет немаат можност да купат соодветни и квалитетни помагала за подобра мобилност.
***Недостига поголема свест на лицата со попреченост за услугите и поддршката што им се достапни од државата и општината:*** Некои лица со попреченост не се категоризирани и не добиваат никаква поддршка што им е законски загарантирана.
***Политички и граѓански живот:*** Советот на општината нема член со попреченост; Нема член со попреченост во локалните органи на власт на која било политичка партија; локалните медиуми немаат преведувач на знаковен јазик; голем број информативни материјали не се достапни за слепите и поедноставени за лицата со интелектуална попреченост.

Проблеми на Дневниот центар Порака Наша

Дневниот центар за рехабилитација и реинтеграција на лицата со попреченост ја изрази потреба од системска поддршка на центрите за рехабилитација и ресоцијализација за возрасни лица од страна на Министерството за труд и социјална политика и Центарот за социјална работа и создавање на услови за формирање на нови форми за поддршка на лицата со попреченост (форми за работно ангажирање, организирано живеење со поддршка (мали групни домови и сл.)). Тие укажаа на неопходноста од воспоставување на транспарентни правила и критериуми за распределба на средствата од државниот лотариски и други државни фондови за граѓанските организации кои се активни на полето на попреченоста. Мошне е изразена потребата од проширување на постоечката и воспоставување на нови соработки и партнертства со општините и државните институции за обезбедување поддршка, но и за аплицирање на повиците за предлог-проекти во рамките на европските и други меѓународни фондови. Голем недостаток е ненавременото добивање на информации за објавени повици за предлог проекти, подготовка на апликации и аплицирање до потенцијални донатори. Неминовна е потребата од воспоставување соработка и партнерства со нови компании, фондации и здруженија. Постои и потреба од обезбедување на бесплатен локален транспорт за корисниците до и од центарот. Исто така, тие истакнаа дека реализирањето на активностите, а со тоа и на програмата во Центарот зависи и од финансиските можности во тековната година.

## 2. Кратки информации за општина Куманово и политиките на локално ниво

**Географски карактеристики** – Куманово претставува најголема општина во Република Северна Македонија. Се наоѓа на северо-источниот дел на Републиката, распространета на површина 509,48м2, со надморска висина од 340м, источно од главниот град Скопје, западно од Крива Паланка, а на север се простира до границата на Република Србија. Општината е составена од 16 (шеснаесет) урбани заедници, лоцирани во градското подрачје и 52 (педесет и две) месни заедници кои се наоѓаат во нејзиниот рурален дел. Во Општина Куманово има 46 села и населени места: Агино село, Бедиње, Бељаковце, Биљановце, Брзак, Вак'в, Винце, Воиновиќ, Габреш, Горно Коњаре, Градиште, Д'лга, Доброшане, Довезенце, Долно Коњаре, Живиње, Зубовце, Јачинце, Карабичане, Клечевце, Кокошиње, Колицко, Косматац, Костурник, Кутлибег, Кучкарево, К'шање, Лопате, Љубодраг, Мургаш, Ново Село, Новосељане, Орашац, Пезово, Пчиња, Режановце, Речица, Романовце, Скачковце, Сопот, Студена Бара, Сушево, Табановце, Тромеѓа, Умин Дол, Черкези, Четирце и Шупљи Камен.
**Популација** – Структурата на населението е хетерогена, тука живеат граѓани со разновидна национална и етничка припадност, разновидна култура, религија, традиција и обичаи, како и социо-економски статус. Бројот на жители во општина Куманово, водејќи се од статистичките податоци добиени од последниот попис од 2021 година изнесува вкупно 98104 жители. Во однос на претходниот попис од 2002 година, бројот на жители е намален за 7380 жители. Најбројно е населението од македонска националност со 54 741 жители второ по бројност е населението од албанска националност со 25 493 жители. Од останати националности во Куманово живеат срби 6392 жители, роми 2795 жители, турци, власи, бошњаци и останато население. Според староснатa структура најбројно е населението на возраст од 30 до 64 години 23 530

жители. Карактеристично е тоа што младото население до 29 годишна возраст е двојно побројно од  старото население над 64 годишна возраст. Во однос на бројот на жители според пол, мажи се 48 805 жители, а жените се малку побројни, главно од старото население 49 299.
**Инфраструктура** – Скоро сите административни објекти се лоцирани во централното градското подрачје.
**Организации за социјалните потреби во општината** – Во Куманово се формирани државни и приватни институции за социјална заштита на ранливите категории на граѓани, како и лицата со попреченост.
**Општински совет за социјална заштита** – Советот го сочинуваат 15 членови, именувани од Советот на Општина Куманово, осум членови се именувани како претставници од соодветни институции од Куманово врз основа на Законот за социјална заштита (ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, Центар  за вработување, Општинска организација Црвен крст, Здружение за промоција и развој на инклузивни, општество „Инклузива”, ЈЗУ Здравствен дом, МВР-СВР Куманово, Центар за рурален развој „Бујрум“ – Куманово, Основно јавно обвинителство) и седум лица се преставници од општинската администрација.. Други невладини организации кои работат со ранливите категории на во  општина Куманово се: ДРОМ, Национален ромски центар, „Флоренс Најтингел“, „Сирма“, ЦИД и Центар за рехабилитација и реинтеграција за возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост „Порака Наша“. Од 28.02.2023 година, „Порака Наша“ ја доби лиценцата за работа и оттогаш Здружението функционира како центар за рехабилитација и реинтеграција за возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост. Моментално центарот го посетуваат 21 возрасен корисник со умерена и тешка интелектуална попреченост.
Општината преку јавен повик врши финансиска поддршка на здруженија кои вршат работи од социјална заштита на локално ниво (развој на социјални услуги), врши субвенционирање на трошоци за комунални услуги (вода и депонирање на смет), по потреба им доделува еднократна парична помош, обезбедува образовни и лични асистенти во средните училишта, финансиски поддржа отварање на сензорни соби во неколку основни училишта, на својата интернет страна има инсталирано алатка *Accessibility Helper sidebar* со којашто им се олеснува пристапот до информациите на лицата со попреченост.
Општината се залага за социјална заштита на жените/девојчињата од сите ранливи категории на лица, лицата со попреченост, старите лица, жртви на семејно насилство, деца на улица и сиромашни лица.
Општината со финансиска поддршка на здруженија и други правни лица врши развој на социјални услуги на локално ниво како што се:

- Центар за рехабилитација и реинтеграција на лица со интелектуална попреченост над 18 годишна возраст, спроцедувана од страна на “Порака Наша “
- Центар за дневни индивидуални услуги за деца и лица со попреченост, Спроведувана од страна на Здружението за промоција на инклузивно општество „Инклузива“
- Центар за деца во ризик, Спроведувана од страна на Здружението „ДРОМ“
- Центар за деца во ризик,
- Советувалиште за жртви на семејно насилство како и

- Помош на стари лица во домашни услови, спроведувана од страна на Црвен крст на Куманово

Во Куманово е отворен Центар за поддршка на учење на ученици со попреченост кој функционира во склоп на училиштето ООУ „Браќа Миладиновци“, којшто услугите ги обезбедува на три нивоа и тоа: **1.** Директна поддршка на учениците и нивните родители/старатели, преку сензорна интеграција, Монтесори педагогија/пристап, Арт терапија, логопедски третмани, услуги од специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, социјален работник, психомоторна реедукација и др., **2.** Поддршка на воспитно-образовен кадар, преку обука и анагажирање на образовни и лични асистенти, стручни лица во инклузивни тимови, поддршка од страна на ресурсен специјален едукатор и рехабилитатор или друг стручен работник, и **3.** Поддршка на пошироката општествена заедница преку консултативни услуги на сите чинители на инклузивно образование (ЕЛС, граѓански сектор, бизнис заедницата, здравствени установи, центри за социјална работа и сл.).

Во учебната 2023/2024 година во општина Куманово преку програмата (ОКР) се спроведува проектот „Инклузивна училница 2“ преку кој се обезбедуваат образовни и лични асистенти на ученици со попреченост во средните училишта. **Мултидисциплинарен тим за постапување со деца на улица** – Тимот е составен од претставници од Општина Куманово, ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Куманово и МВР-СВР Куманово.

***Народна кујна*** **е мерка Народната кујна како мерка е воведена во Програмата за развој на социјална заштита на општина Куманово 2024 година финансирана од страна на буџетот на Општината.**

**ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Куманово** ја обезбедува услугата стручна помош и поддршка и советодавни услуги согласно Законот за социјална заштита.

**Центар за поддршка за ученици со попреченост** испорачува стручни услуги за образование на лицата со попреченост се испорачуваат, како поддршка на социјалните услуги на учениците со попреченост.

**Ресурсниот центар** во Куманово работи на обезбедување информативни и советодавни услуги на лицата со попреченост и нивните семејства на територија на општина Куманово. Со Ресурсниот центар управува Здружение за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“ од Куманово со финансиска поддршка на Општина Куманово.

**Лична асистенција,** услугата ја спроведуваат двајца лиценцирани даватели на услуги во општина Куманово а тоа се: Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“, коишто оваа услуга ја обезбедуваат за 10 лица со попреченост, а за таа намена ангажирани се 6 сертифицирани лични асистенти и Општинска организација на Црвен крст Куманово, коишто услугата ја обезбедуваат за 7 лица со попреченост, а за таа намена ангажирани се 5 сертифицирани лични асистенти.

**Помош и нега на стари лица во домашни услови** - во општина Куманово услугата се спроведува од страна на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ Куманово во партнерство со здружение Регионален центар за лица со интелектуална попреченост „Порака Наша“ Куманово. Во 2023 година Општина Куманово додели финансиска поддршка на Општинска организација на црвен крст Куманово за развивање на услугата помош и поддршка на стари лица во домашни услови и истите во месец јули 2023 година добија

лиценца за спроведување на истата од страна на Министерството за труд и социјална политика.
- **Дневен центар за лица со интелектуална попреченост за лица до 18 години**, отворен од страна на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Куманово. Дневниот центар е наменет за лица со умерена и тешка интелектуална попреченост. Бројот на регистрирани корисници на дневниот центар изнесува 22 корисника, а дневниот центар редовно го посетуваат 10 корисника. Центарот на своите корисници им обезбедува осум часовен престој, еден оброк и индивидуална и групна работа со лицата од страна на вработениот стручен тим.
Во Општина Куманово постојат уште две здруженија кои што лиценца за работа добија во текот на 2023 година за вршење на индивидуална работа со лицата со попреченост во однос на дефектолошки, логопедски и физиотерапевтски третмани а тоа се „Детска Светлина" и „Наумови"

## 3. Цел на Социјалното мапирање

Истражувачко прашање:

Кое е нивото и формата на ранливост на локално ниво, според принципот на ,,Никој да не биде изоставен'', на најранливите категории, а особено за секоја подгрупа на лица со попреченост и какви се нивните перцепции за подобрување на состојбата и кои се можностите што Општината и другите засегнати страни ги имаат на локално ниво за подобрување на ситуацијата, со посебен осврт на услугите на Центарот за рехабилитација и реинтеграција?

Општата цел на Социјалното мапирање:

Да се добијат сознанија за нивото и формата на ранливост на лицата со попреченост, мажи и жени, момчиња и девојчиња, и кои се можностите за подобрување на состојбата на локално ниво, со посебен осврт на унапредување на услугите за рехабилитација и реинтеграција?

Специфични цели:

- да обезбеди податоци за избраната група - лица со попреченост, мажи и жени, момчиња и девојчиња - кои не се содржани во базите на податоци на општината, државните институции и НВО;
- идентификување на нивните проблеми и потреби;
- идентификување на нивните ставови за надминување на проблемите и подобрување на услугите што ги добиваат;
- структурирање на потребите на лицата со попреченост, мажи и жени, момчиња и девојчиња во различни области (образование, транспорт, домување, социјална грижа, вработување, политичко учество, заштита и спасување итн.);
- база на податоци за постоечки мерки и услуги;
- развивање препораки за креирање политики и мерки;

Податоците може дополнително да се обработуваат, во зависност од потребите на Општината и проценка на потребите на идните и потенцијалните корисници на услугите

на Центарот за рехабилитација и реинтеграција заради планирање и остварување на нови услуги.

Резултати:

- собрани податоци за најранливите категории на граѓани, лицата со попреченост, мажи и жени, момчиња и девојчиња кои се однесуваат на нивната состојба и надминување на проблемите;
- собрани податоци за лицата со попреченост, дистрибуирани врз основа на принципите на LNOB и спецификите на попреченоста;
- идентификување на достапноста и пристапноста на социо-економските ресурси во заедницата;
- добиена база на податоци за мерките и ресурсите на различните чинители на општинско ниво;
- селектирани и анализирани перцепциите на лицата со попреченост мажи и жени, момчиња и девојчиња, за подобрување на нивната положба и на ставовите на локалните чинители за идеите за креирање на нови мерки;
- подготвени препораки за подобрување на состојбата како основа на идните локални документи и
- подготвени конкретни нацрт-текстови за измена и дополнување на постоечки програмски документи или нивно вклучување во нови документи.

Придонесот за социјалните политики:

Истражувањето ќе создаде податоци за социо-економскиот статус на различни категории на лица со попреченост, мажи и жени, момчиња и девојчиња, и за потребите на давателите социјалните услуги. Резултатите ќе помогнат да се добие проценка за квалитетот и ефективноста на тековните социјални услуги кои ќе им помогнат на општината, Центарот за социјална работа, Агенцијата за вработување, Фондот за здравство, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и невладините организации да преземат активности и нудат услуги врз основа на препораките на социјалното мапирање. Податоците од социјалното мапирање ќе придонесат и за подобрување на локалните планови за управување со кризи и за заштита и спасување.

**Придонесот во интеграцијата на Агендата 2030 и LNOB принципите во локалните програми за социјална заштита**

Истражувањето ќе помогне да се зајакне социјалната програма на општината бидејќи податоците ќе се собираат во областа на неколку цели за одржлив развој (ЦОР) од Агендата 2030 и ќе бидат сегрегирани врз основа на принципите на ЛНОБ. Следниве принципи ќе бидат вградени во истражувањето на прашањата опфатени со ЦОР: SDG 1. Нема сиромаштија - географија, дискриминација, социо-економски статус и шокови; SDG 2. Нула глад - географија и социо-економски статус; SDG 3. Одржливи градови-географија и управување; SDG 4. Квалитетно образование - географија и дискриминација, географија, социо-економски статус; SDG 5 Родова еднаквост - дискриминација, географија, управување и социо-економски статус. SDG 8. Достоинствено вработување и економски раст - дискриминација, социо-економски статус и шокови.

Истражувањето ќе биде дизајнирано така што принципите на LNOB може да се вклучат во формулирањето на прашалниците и во подготовката на препораките врз основа на резултатите. Програмата за социјална заштита, која ќе се базира на истражувачки податоци и препораки, индиректно ќе ги инкорпорира целите на Агендата 2030 и принципите на LNOB.

## 4. Методологија

Теренското истражување е спроведено со помош на анкетен прашалник, којшто е поделен тематски, согласно петте LNOB ризик фактори и беше преведен на албански јазик од страна на официјален преведувач од Куманово, за да може да се спроведе истражувањето без никакви јазични потешкотии и меѓу граѓаните кои избраа да одговараат на албански јазик. Пред да започне истражувањето, беше планирано да се интервјуираат вкупно 130 испитаници, во кои се опфатени возрасни лица со попреченост и родители/старатели на лица со попреченост, но се анкетираа 122 испитаници бидејќи дел од нив не беа во нивните домови или одбиле да одговараат. Истражувачкиот примерок е целен, бидејќи станува збор за целна група која се истражува и кон испитаниците не се пристапува случајно, туку врз основа на претходно добиени податоци за нив. Беше направена само структура на испитаници врз основа на видот на попреченост, за да може примерокот, приближно да го рефлектира процентот на различните видови на попреченост.

Креирањето на листата на потенцијалните испитаници беше направена преку прибирање на податоци од страна на Општина Куманово од организациите на лицата со попреченост и Меѓуопштинскиот центар за социјални работи. Податоците беа составени од име и презиме на испитаникот, адреса и телефонски број. Заради заштита на личните податоци, одговорите на испитаниците се обработени, без некаде да се појави идентитетот на испитаникот, или, пак, индиректно, преку асоцирање на одредени нивни податоци.

Теренското истражување го спроведоа искусни анкетари, внимавајќи да бидат еднакво застапени мажи и жени анкетари и да има анкетарка Албанка, за да може да се спроведе анкетирањето без јазични потешкотии. Анкетарите добија обука за структурата и содржината на прашалникот, целта на истражувањето, карактеристиките на примерокот, начинот на избор на испитаници, начинот на пристап до испитаниците, начинот на пополнување на прашалниците и водењето на дневник за реализирање на истражувањето.

Теренското истражување се спроведе по принципот лице во лице во домовите на испитаниците. Анкетирањето на најголемиот број на родителите/старателите на лица со интелектуална попреченост се реализираше во просторијата на Здружението на граѓани „Порака Наша“. Еден од интервјуерите направи и геомапирање на клучните објекти во општината, наведувајќи ја нивната пристапност.

После спроведеното теренско истражување, од страна на Центарот за европска граѓанска иницијатива беше направена телефонска контрола по случаен избор кај 34 испитаници, за да се провери дали анкетарот го направил интервјуто и беа поставени повторно неколку прашања од прашалникот, за да се утврди дали се опфатени сите делови од прашалникот и дали се коректно пополнети. Потоа се направи логичка и техничка контрола на пополнетите прашалници. Прашалниците најпрвин беа внесени во Excel табела а потоа пренесени во SPSS програмата. Секој број на ред во Excel/SPSS

програмите соодветствуваше со нумерацијата на прашалникот и лесно можеше да се утврди одредена грешка при внес на податоците и да се спореди со внесениот податок во прашалникот.
Обработката на податоците се направи преку утврдување на честина на одговорите за секое прашање, изразена во број на одговори и проценти и преку вкрстување на две прашања каде што независни варијабли се полот, видот на попреченост, возраста и местото на живеење, зависно од валидноста на овие независни варијабли при утврдувањето на нивното влијание врз материјата, која е опфатена со прашањето.

**Структура на примерок**

Табела бр. 1. Испитаникот е:

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Личност со попреченост | 68 | 55.7 |
| Родител / Старател | 50 | 41.0 |
| Вкупно | 118 | 96.7 |
| Недостасува | 4 | 3.3 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Вид на попреченост на возрасни лица

Табела бр. 2. Лицето со попреченост е:

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| лица со интелектуална попреченост | 17 | 13.9 |
| лица со оштетен вид и слепило | 18 | 14.8 |
| лице со оштетен слух, говор и глувост | 4 | 3.3 |
| лица со телесен инвалидитет | 53 | 43.4 |
| лица со комбинирана попреченост | 28 | 23.0 |
| лица со ментални здравствени проблеми | 2 | 1.6 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Табела бр. 3. Место на живеење на испитаникот?

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Град | 100 | 82.0 |
| Село со повеќе од 1000 жители | 20 | 16.4 |
| Вкупно | 120 | 98.4 |
| Систем | 2 | 1.6 |
| Недоставува вкупно | 122 | 100.0 |

Табела бр.4. Пол

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Машки | 76 | 62.3 |
| Женски | 46 | 37.7 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Табела бр.5. Возраст на испитаниците

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Од 18 до 30 години | 16 | 13.1 |
| Од 31 до 40 години | 15 | 12.3 |
| Од 41 до 50 години | 27 | 22.1 |
| Од 51 до 60 години | 38 | 31.1 |
| Над 60 години | 24 | 19.7 |
| Вкупно | 120 | 98.4 |
| Недоставува | 2 | 1.6 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Табела бр. 6. Возраст за родители старатели?

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Од 14 до 15 | 2 | 4.0 |
| Од 16 до 17 | 2 | 4.0 |
| Од 18 до 26 | 7 | 14.0 |
| Од 27 до 30 | 5 | 10.0 |
| Од 31 до 40 | 12 | 24.0 |
| Од 41 до 50 | 9 | 18.0 |
| Од 51 до 60 | 9 | 18.0 |
| Од 61 до 70 | 2 | 4.0 |
| Над 70 | 2 | 4.0 |
| Вкупно | 50 | 100.0 |

**Фокус групи**

Во текот на истражувањето беа реализирани две фокус групи, една со претставници на институции, кои се чинители на локално ниво - претставници на јавни институции и невладини организации и друга со возрасни лица со попреченост и родители/старатели на лица со попреченост. Во рамките на првата фокус група, се дискутираше состојбата и предизвиците на лицата со попреченост, старите лица, жртвите на семејно насилство и Ромите. Двете фокус групи беа реализирани во сала во Општина Куманово со логистичка поддршка во организирањето и спроведувањето на фокус групите од страна на Општина Куманово и беа модерирани од авторот на извештајот. Фокус групите имаа за цел подлабоко да се разгледаат прашањата кои се во фокусот на ова истражување и да се отворат нови потпрашања, да се детектираат проблеми и да се дадат препораки за нивно надминување. Резултатите од дискусиите се наведени во посебен дел на овој извештај, претставени како кратки записи и клучни поенти.

## 5. Резултати од Социјалното мапирање

Општината спроведува мерки за заштита и помош на социјално загрозеното населението, така што неколку години station наназад ги субвенционира трошоците за комунални услуги (вода за пиење и изнесување на смет). *Помош за домување на материјално и станбено необезбедини лица* кои се корисници на гарантирана минимална помош, преку субвенционирање на комунални услуги и кирија. *Еднократна парична помош* или помош во натура на лице или семејство што се нашло во состојба на социјален ризик. *Обезбедување на социо-образовни услуги* преку програмата Општинско корисна работа (ОКР) заради обезбедување на помош и поддршка на граѓаните кои се наоѓаат во положба на социјален ризик. Во учебната 2023/2024 година во општина Куманово преку програмата (ОКР) се спроведува проектот „Инклузивна училница 2“ преку кој се ангажирани 13 образовни асистенти на 13 ученици со попреченост вклучени во средно инклузивно образование и двајца лични асистенти на двајца ученици со попреченост во средното образование.
Врз основа на информации добиени од општината, најранливите групи во општината се: 1. Лица/деца со попреченост А) Корисници на надоместок заради попреченост- 489, лица со оштетен вид-163, лица со оштетен слух-186, лица со пречки со телесен инвалидитет-136, лица со интелектуална попреченост -4, Б) корисници на посебен додаток – 322, Стари лица, Сиромашни лица, Деца на улица, Ромско население
Проблемите со коишто се соочуваат овие лица се: социјална исклученост, недоволни финансиски средства за лекување или пак плаќање на третмани за рехабилитација, работно оспособување, осамостојување и слично.
Приоритет е даден на целната група лица со попреченост а посебно жени/девојчиња со попреченост од рурални средини.

### 5.1.Анализа на географското означување (гео-тагирање) за достапните социо-економски ресурси

На линкот може да се видат слики за пристапноста на јавните институции во општина Куманово

Институции во Куманово - Google My Maps



Институции во Куманово - Google My Maps

**Институции во Куманово**

1.Музеј Куманово; 2.ЈУМеѓуопштинскии Центар за социјална работа Куманово; 3.Агенција за вработување-Центар за вработување Куманово; 4. ЈП „Куманово Паркинг"Куманово; 5. Пошта; 6.Општинска зграда на Општина Куманово; 7. Основен суд Куманово; 8. Фонд за пензиско и инвалидско осигурување; 9. Црвен крст Куманово; 10. Катастар Куманово; 11. Централен регистар и Управа за јавни приходи Куманово; 12. Центар за култура „Трајко Прокопиев" Куманово; 13. ОУ „Крсте Мисирков" 14.ОУ „Браќа Миладиновци"; 15. Гимназија „Гоце Делчев"; 16. СВР Куманово, 17. Фонд за здравствено осигурување; 18. Општа болница Куманово; 19. Здравствен дом Куманово; 20. Градска Библиотека „Тане Геосргиевски"; 21. ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче" Куманово; 22. Дом за стари лица „Зафир Сајто" Куманово; 23. ЈОУ Ученички дом „Професор Мијалковиќ" Куманово; 24. Градски базен Куманово; 25. ООУ„11 Октомври"; 26. ООУ„Бајрам Шабани"; 27. ООУ„Наим Фрашери"; 28. ООУ„Браќа Миладиновци"; 29. ООУ„Крсте Мисирков"; 30. ООУ„Вук Караџиќ"; 31. ООУ„Кочо Рацин"; 32. ООУ„Толи Зордумис"; 33. ООУ„Христијан Карпош"; 34. ООУ„Магдалена Антова"; 35. ООУ„Битолски Конгрес"; 36. ООУ„Карпош"; 37. ООУ„Вера Которка"; 38. ООУ„Јероним Де Рада"; 39. ООУ„Кирил и Методиј; 40. ООУ„Браќа Рибар"; 41. УОМО„Панче Пешев".

## 5.2. LNOB група – Лица со попреченост

Ова поглавје ги вклучува резултатите од одговорите на сите поставени прашања на испитаниците. Одговорите се групирани според структурата на прашалникот кој е поделен на делови, кои одговараат на факторите на ризик: социо-економски статус, географија, дискриминација, управување и шокови. Исто така, покрива прашања поврзани со проценка на потребите од услуги од областа на здравството, социјални услуги дома и социјални услуги во заедницата. Некои од прашањата се вкрстуваат со прашањата содржани во делот демографија и тоа: тип на попреченост, место на живеење и пол, како независни варијабли во толкувањето на податоци.

### Социо-економски статус – фактор на ризик

Околу 53,3% од возрасните со попреченост не се во брак или партнерство, што претставува потенцијален проблем во врска со можноста за добивање на економска и лична поддршка. Во однос на образованието, највисок е процентот на лицата што немаат никакво образование 27%, доколку се додаде процентот од 3,3% кои имаат недовршено основно образование, овој процент се зголемува на 30,3%. Од лицата со попреченост основно образование имаат завршено 27%. Ваквата образовна структура претставува ризик фактор во врска со наоѓањето на работа или, пак, при висината на приходите.




Така, најголем процент од испитаниците се невработени 63,1%, ако се додаде и процентот на лицата корисници на социјална помош 8%, доаѓаме до висок процент од 71% на лица со попреченост што се економски зависни. Економски независни се околу 30%, од кои околу 19% се редовно вработени. Од табелата број 7, може да се заклучи дека доминира процентот на лицата кои се вработени во јавниот сектор 9%, од кои 3,3 се категоризирани како инвалиди. Истражувањето покажа дека мал процент 12,8% од оние, кои се невработени бараат работа. Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „пол“ и „вработеност“. Кај тестирањето на корелацијата „пол“ и “барање на работа“ во однос на половите, со мала разлика, мажите повеќе бараат работа од жените.

Табела бр. 7. Каков е вашиот економски статус

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Вработен во јавниот сектор | 7 | 5.7 |
| Вработени во јавниот сектор категоризирани како инвалиди | 4 | 3.3 |
| Вработен во приватен сектор | 2 | 1.6 |
| Вработен во приватниот сектор како инвалид | 4 | 3.3 |
| Вработен во заштитно друштво (фирма која има вработено повеќе инвалиди) | 7 | 5.7 |
| Пензионирање /--> приход | 9 | 7.4 |
| Студентски приход | 3 | 2.5 |
| Невработен | 77 | 63.1 |
| Корисник на социјална помош | 1 | .8 |
| Друго | 6 | 4.9 |
| Вкупно | 120 | 98.4 |
| Недостасува | 2 | 1.6 |
| **Вкупно** | 122 | 100.0 |

Од лицата со попреченост, кои се во работен однос, околу 58,4% се изјасниле дека имаат потешкотии на работното место, а најголем дел од нив 25% одговориле дека имаат потешкотии поради тежината на работните задачи. Кај тестирањето на корелацијата

„пол“ и „потешкотии во работењето“ во однос на половите, со мала разлика, жените повеќе се жалат на потешкотии во работата, во однос на мажите, што е изразено со дијаграм подолу.




Околу 73% од лицата со попреченост оствариле приход минатиот месец. Најголемиот дел, приходот го оствариле од плата 23,6%, потоа од додаток за попреченост 15,7%. Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „пол“ и „остварени месечни приходи“, од што произлезе дека поголем е бројот на мажи во однос на жени што остваруваат месечни приходи. Се јавува потреба од создавање на услови и мотивација за вработување на лицата од женскиот пол.

Околу 31,1% од сите испитаници оствариле приход под 12 000 денари и тоа претставува загрижувачки показател за лошата економска состојба на лицата со попреченост. Најголем дел, односно 25,4% имаат примања од 12 000 до 20 000 денари. Исто така, и од тестирањето на корелацијата „пол” и „висина на остварени месечни приходи“, резултатот е дека лицата со попреченост од машкиот пол се побројни, што е прикажано на дијаграмот.




.

Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „видот на попреченоста“ и “остварени месечни приходи според местото на живеење „град село“, и резултатот е дека поголем е бројот на лицата со попреченост што остваруваат месечни приходи и во двете средини. Покрај тоа, беше направено тестирање на корелацијата меѓу „видот на попреченоста“ и „остварени месечни приходи“, при што од лицата со попреченост што остваруваат приходи најголем е бројот на лицата со физичка попреченост, потоа со комбинирана и интелектуална попреченост. Може да се види на дијаграмот подолу. Ова укажува на потреба од создавање на можности и услови за мотивирање за вработување и на другите категории на лица со попреченост кои се работоспособни за одредени категории на работни места.




Од возрасните лица 96,7% живеат со членови на семејството, мал процент од нив 3,3% живеат сами. Ова е поволен аспект за лицата со попреченост, затоа што имаат поголема можност да добијат грижа и економска поткрепа од останатите членови на семејството но, тоа сепак е поврзано и со економската моќ на семејството, доколку семејството има недоволни приходи тоа лошо се одразува на квалитетот на живот на сите членови, а особено на лицата со попреченост.

Истражувањето покажа дека 73% од испитаниците не можат да ги задоволат основните потреби и ова претставува загрижувачки показател за постоење на висок степен на сиромаштија.




Беше направено тестирање на корелацијата „пол" и „месечниот буџет за основни потреби", притоа поголем е бројот на претставниците на машкиот пол кои сметаат дека месечниот буџет не може да им ги задоволи основните животни потреби.
Околу 3,3 % од домаќинствата на испитаниците во последниот месец имало периоди кога немало доволно вода за пиење. Овој показател, укажува на лоши услови за живот на одреден број на лицата со попреченост, што упатува на сериозен пристап од страна на Општина Куманово целосно да се реши проблемот со водоснабдувањето, затоа што ваквиот проблем преставува дополнителен напор за лицата со попреченост, да бараат алтернативни начини за снабдување со вода што се одразува на нивното здравје.
Околу 22% од испитаниците во последниот месец имало ситуации кога не можеле да си дозволат ниту еднаш, неколку пати или повеќе пати оброк, табела бр. 8. Беше направено тестирање на корелацијата „пол" и „дневните оброци", притоа беше констатирано дека постои избалансираност на двата пола во однос на недостаток на потребниот број оброци. Ова е сериозен показател за постоење на екстремна сиромаштија.

Табела бр.8. Дали во последниот месец имало период кога не сте можеле да си дозволите оброк?

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Никогаш | 95 | 77.9 |
| Еднаш | 8 | 6.6 |
| Неколку пати (2-3 пати) | 13 | 10.7 |
| Повеќе пати (4 и повеќе пати) | 6 | 4.9 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Испитаниците се соочуваат и со недостаток на компјутер, така 60,7%, немаат компјутер, а околу 76,2% имаат интернет и околу 83,6% се задоволни од ТВ приемникот и каналите кои ги имаат. Високиот процент на лицата со попреченост  без компјутер, се одразува на неможноста  на  лицата бидат компјутерски писмени, следствено немаат компјутерски вештини кои што можат да им помогнат за вработување.
Околу 55,7% од испитаниците не можат да си дозволат греење за да може да им биде домот топол. Ова е уште еден показател за сиромаштија. При одговарањето на ова прашање, се претпоставувa дека испитаниците имале предвид и дали може да се затоплат сите простории во домот, имајќи предвид дека во Општината нема централно градско греење и ова претставува дополнителен трошок за граѓаните. Но, независно од потесното или поширокото сфаќање, сепак, станува збор за недостаток од средства за да се обезбеди еден од минимум неопходните услови за живот.




Околу 11,5% можат да си дозволат плаќање на еднонеделен одмор надвор од домот, Околу 60,7% не можат да си дозволат да јадат месо или нивна вегетаријанска замена. Ова е уште еден показател за постоење на екстремна сиромаштија кај лицата со попреченост.




Многу мал процент 3,3%  можат да си дозволат плаќање на лице кое ќе може да се грижи за лицето со попреченост, само 4.9% може да платат неочекувани расходи од 300 до 500 евра, 22.1% имаат проблеми да купат лекови за себе или за друг член на

семејството и 35,2% не можат да си дозволат плаќање на сметки за комунални услуги во домот. Сето ова укажува на високиот процент на сиромаштија на оваа категорија на граѓани.

**Заклучоци:**

- Голем процент 53,3% од лицата со попреченост не се во брак или партнерство, што претставува потенцијален проблем во врска со можноста за добивање на економска и лична поддршка;
- Голем дел од возрасните со попреченост немаат основно образование или имаат само основно образование и ова претставува голема причина за неможноста да бидат конкурентни на пазарот на труд за да можат да се вработат или да добијат подобро платена работа;
- Околу 71% се изјасниле дека се невработени и од нив, само 12,8% бараат работа, од лицата што бараат работа поголем е бројот на лицата од машката популација;
- Околу 31,1% минатиот месец оствариле приход под 12 000 денари, лицата од машкиот пол се побројни во остварувањето на приходите, а 73% не можат да ги задоволат основните потреби во текот на месецот, што претставува сериозен показател за сиромаштија;
- Показатели за екстремна сиромаштија се 3,3% од испитаниците последниот месец имале проблеми со вода за пиење, 22% барем еднаш во месецот биле гладни, 55,7% имале проблеми да го затоплат домот , 60,7% да си купат месо или негова замена и 22,1% да купат лекови и 35,2% не можат да си дозволат плаќање на сметки за комунални услуги во домот. Сето ова укажува на високиот процент на сиромаштија на оваа категорија на граѓани.

**Препораки:**

- Општината, Центарот за вработување, Центарот за рехабилитација и реинтеграција и други образовни институции да реализираат активности за дообразување, квалификација и доквалификација на лицата со попреченост за создавање на вештини кои ќе им овозможат полесно наоѓање на работа;
- Од страна на Центарот за социјални работи и другите организации надлежни за лицата со попреченост да организираат советодавни и едукативни работилници за родителите, членовите на семејствата и лицата со попреченост да го разберат значењето на образованието, со што ќе ги поттикнуваат за довршување на образованието или стекнување на нови вештини кои ќе им овозможат вработување;
- Да се организираат работилници од надлежни институции, Центарот за социјални работи и др. за информирање, мотивирање, обучување за значењето на економската независност што ќе ги поттикне лицата со попреченост, да бараат работа, особено лицата од женскиот пол;
- ЈКП „Водовод“ да преземе мерки за да ги отстрани проблемите со водоснабдувањето на домаќинствата во кои живеат лица со попреченост бидејќи повременото немање на вода создава дополнителни ризици за овие семејства;
- Општината да продолжи со добрата пракса за субвенционирање на трошоците за комунални услуги (вода за пиење и изнесување на смет) и да ја популаризира оваа мерка меѓу лицата со попреченост;

- Центарот за социјални работи да направи детална евиденција за лицата со попреченост, кои се во социјален ризик за да може да им се помогне со услугите кои се опфатени со Законот за социјална заштита;
- Општината, заедно со Центарот за социјални работи и локалните организации на лицата со попреченост да создаде комплетна база на податоци за лицата со попреченост, со информации за нивната социјална положба за да може да ја користи при планирањето на мерките и подготовката на потенцијални проекти за грантови за поддршка на оваа ранлива категорија на граѓани;
- Да се организираат кампањи за обезбедување на компјутер на лицата со попречености обука за користење на компјутер и алатки за пристапност.

**Географски – ризичен фактор**

**Опасност и ризик од изолација поради животна состојба**

Околу 39,3% од лицата со попреченост живеат во потполно или делумно непристапни домови. Поточно, 33,6% од испитаниците одговориле дека нивните домови се делумно пристапни а 5,7% дека се целосно непристапни. Ова е голем ризик фактор за исклученост на лицата со попреченост. Од оние кои одговориле дека  имаат непристапен дом, околу 54 % одговориле дека немаат пристапни скали, околу 25% немаат несоодветни отвори на врата  и околу 12,6% немаат лифт.




Од табелата бр.9, видливо е дека домовите на лицата со попреченост немаат проблем со приклучок кон водоводна, канализациона и електрична мрежа.

Табела бр.9

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Фиксен или мобилен телефон | 1 | 8 |
| Купатило | 5 | 4.1 |
| Приклучок за канализација | 2 | 1.6 |
| Ништо не недостасува | 100 | 82.0 |
| Одбива да одговори | 14 | 11.5 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Околу 45,1% од возрасните со попреченост се сопственици на домот за живеење и ова претставува показател дека лицата со попреченост не се исклучени од правото на сопственост на домот. Но, сепак, се констатира родов дисбаланс во врска со ова право, односно, истражувањето покажа дека само 15% од жените со попреченост се сопственички на домот.




Од двете табели подол 10 и 11, видливо е дека лицата со попреченост имаат релативно низок проблем со просторните услови во домот. При проценката на просторните услови, се сметаат само спалните и дневните соби. Не се третираат како соби кујната, бањата и ходникот. Околу 36,9% живеат во една или две соби, а 13,1% живеат во дом со површина до 40 m2.

Табела бр.10. Колку соби има во вашето престојувалиште?

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Една | 13 | 10.7 |
| Две | 32 | 26.2 |
| Три | 30 | 24.6 |
| Четири | 22 | 18.0 |
| Пет | 10 | 8.2 |
| Повеќе од пет | 7 | 5.7 |
| Одбива да одговори / Не знае | 8 | 6.6 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Табела бр.11. Колку метри квадратни има вашиот дом?

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| До 30 | 4 | 3.3 |
| Од 31 до 40 | 12 | 9.8 |
| Од 41 до 60 | 26 | 21.3 |
| Од 60 до 80 | 23 | 18.9 |
| Од 80 до 100 | 27 | 22.1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Повеќе од 100 | 15 | 12.3 |
| | Одбива да одговори / не знае | 15 | 12.3 |
| | Вкупно | 122 | 100.0 |

**Заклучоци:**

- Повеќе од 50% од лицата со попреченост живеат во недоволно пристапни домови, кои вклучуваат непристапност до влезот, непристапен влез и непристапни простории внатре во домот;
- Лицата со попреченост немаат значителни проблеми во врска со просторните услови за живеење и со приклучокот на водоводна, електрична и канализациона мрежа;
- Релативно висок процент од жените со попреченост не се сопственички на домовите.

**Препораки:**

- Општината да преземе активности за обезбедување на пристапност до влезовите на домовите на лицата со физичка попреченост и да обезбеди субвенции за приспособување на домовите на лицата со попреченост;
- Општината, заедно со организациите на лицата со физичка попреченост и со организациите за заштита на женските права да преземе активности за подигнување на свеста за да се зголеми процентот на жени со попреченост кои се сопственички на домот.

**Потребни социјални услуги за лицата со посебни потреби**

**Проценка на потребите врз основа на здравствената состојба (здравствени услуги)**

Подолу во табелата бр.12 е даден опис на здравствената состојба на лицата со попреченост. Испитаниците може да бираат повеќе од еден одговор, затоа што едно лице може да има повеќе од еден проблем. Од одговорите се добива податок дека околу 9% од лицата со попреченост се потполно неподвижни, делумно се неподвижни 25,4% или може да користат инвалидска количка што претставува висок процент на лица во ризик.

Табела бр.12

| **Моментална состојба на лицата со попречност е:** | |
|---|---|
| 1. | Лицето е целосно парализирано, но може да користи инвалидска количка.9% |
| 2. | Лицето е делумно парализирано (користи помагало и се движи). 25,4% |
| 3. | Ограничено користење на рацете или прстите.26,2% |
| 4. | Ограничено користење на нозете или стапалата. 26,2% |
| 5. | Тешкотија да зема и користи работи од домаќинството. 22,1% |
| 6. | Има затемнувања, напади и губење на свест.10,7% |
| 7. | Лицето има делумно оштетен вид.8,2% |
| 8. | Лицето има аутистичен спектар 1,6% |
| 9. | Нема вид (слепило).18,1% |
| 10. | Има целосно оштетен слух 4,1% |
| 11. | Има делумно оштетен слух.2,5% |
| 12. | Лицето има проблеми со говорот.34,4% |
| 13. | Чувствува хронични болки и тешко се движи дури и со помагало.15,6% |

| | |
|---|---|
| 14. | Интелектуална попреченост (форми на ретардација) 32% |
| 15. | Лицето е целосно парализирано во лежечка положба. 3,3% |
| 16. | Има силно душевно растројство (ментална болест). 18,9% |
| 17. | Недостаток на горен екстремитет (рака).0,7% |
| 18. | Недостаток на горните екстремитети (двете раце). 0,7% |
| 19. | Недостаток на долен екстремитет (нога). 0,1 % |
| 20. | Недостаток на долните екстремитети (двете нозе). 1,67% |
| 21. | Недостаток на горен и долен екстремитет (рака и нога).0,1% |
| 22. | Нарушување и деформација на телото 25,4% |

23,7% од лицата со попреченост ја оценуваат својата здравствена состојба како лоша а 31,1% како пристојна. Процентот на лицата со лоша здравствена состојба е висок, што упатува на преземање на дејствија за подобрување на здравствената состојба на лицата со попреченост. Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „видот на попреченоста“ и „оценката за здравствената состојба“, при што се утврди дека најбројни се лицата со физичка попреченост, потоа лицата со интелектуална попреченост што ја оценуваат својата здравствена состојба како лоша, што е прикажано на дијаграмот подолу.




Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „пол“ и „оценката за здравствената состојба“, при што е утврдена родова балансираност во однос на оценувањето на здравствената состојба како лоша.
Во однос на прашањето за причините на попреченоста, 42,6% од лицата со попреченост ја имаат попреченоста од раѓање, 22% ја стекнале како резултат на болест, а 18,9% како резултат на повреда, сообраќајна незгода или повреда во домот.
Испитаниците беа прашани на скалило од 1 до 5 каде 1 е најниска, а 5 највисока оценка како сте задоволни или како се чувствувате во врска со:

- Личните врски со останатите луѓе
- Дали се чувствувате безбедно
- Колку сте задоволни од вашиот живот во целост
- Дали се чувствувате заборавени од заедницата

- Дали добро се однесуваат со вас кога добивате здравствена нега и услуги

Од испитаниците, со 5 или 58, 2 % ги оценуваат релациите со останатите луѓе како добри, со 5 или 54,1% дека се чувствуваат безбедно, со 3 или 34,4% го оценуваат задоволството од сопствениот живот, со 5 или 36,9% дека се заборавени од заедницата и со 5 или 51,6,3% дека добро се однесуваат со нив при добивање на здравствена услуга и нега. Од овие резултати ќе се заклучи дека испитаниците најголем проблем имаат со негрижата која ја покажува заедницата кон нив.

За истите прашања беше направена тестирање на корелацијата меѓу „половите“, при што оценката 5 за релациите со другите луѓе како добри е избалансирана помеѓу половите, исто така двата пола дадоа еднаква оценка 5 за чуството за безбедност. Во однос на прашањето колку сте задоволни од сопствениот живот со о ценка 3 одговорија, повеќе од двојно од машките испитаници во однос на женските испитаници. Исто така, повеќе од двојно од испитаниците од машки пол со оценка 5 се изјасниле дека се чувствуваат заборавени од заедницата. Машките испитаници се побројни и во оценувањето на доброто однесување при добивањето на здравствени услуги, поголем е бројот на мажи во однос на жени што ги оценуваат услугите со 5. Од овие резултати ќе се заклучи дека од испитаниците мажи и жени поголем проблем имаат мажите од негрижата која ја покажува заедницата кон нив.

Во однос на добивањето на лекарски преглед во последните 12 месеци 11,5 % од лицата со попреченост биле во ситуација еднаш или неколку пати да не добијат општ здравствен преглед кај матичниот лекар, а 27,9% еднаш или повеќе пати не добиле специјалистички преглед.




Податоците покажуваат за релативно слабиот систем на примарна и секундарна здравствена заштита кои го имаат лицата со попреченост.

Околу 63,1% имаат проблеми со движењето и им треба помош а 11,5% имаат проблеми со движењето, но немаат потреба од помош. Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „пол“ и „проблемите во движењето“, при што е утврдено дека поголем е бројот на испитаниците од машкиот пол кои имаат проблеми во движењето со потребна помош.




Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „возраст“ и „проблемите во движењето“, при што е утврдено дека најголем е бројот на испитаниците на возраст од 51-60 години, потоа се лицата на возраст од 41-50 години кои имаат проблеми во движењето со потребна помош. Ова е сериозен показател за исклученоста на возрасните со попреченост и за потребите од поддршка. 32% од лицата со попреченост живеат до 2 километри од амбуланта, но им е проблем да стигнат до таму поради тоа што не можат да се движат, односно имаат проблем со движењето. Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „место на живеење, „град село“ и „близината на амбулантата“, при што е утврдено дека од лицата со попреченост што живеат во град 30% од нив живеат во близина на амбуланта, но имаат проблем да стигнат до таму поради тоа што не можат да се движат, а од лицата со попреченост што живеат во село 60% го имаат истиот проблем. Ако се има предвид дека и дел од тие кои живеат подалеку имаат проблем, може да се заклучи дека пристапноста на здравствените услуги е ризик фактор за голем дел од возрасните со попреченост.
Проблемот со оддалеченоста на амбулантата се зголемува, имајќи предвид дека 28,7% од возрасните со попреченост имале потреба во последните 12 месеци, еднаш месечно да имаат посета на лекар, а 15,6 % од лицата со попреченост имале потреба од посета на лекар еднаш неделно. Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „полот“ и „потребите од лекар“ и „пол“ и „патронажната услуга“ при што е утврдено дека постои родов баланс во однос на овие две услуги.
Во однос на патронажната услуга 22,1% од возрасните со попреченост имаат потреба од патронажна услуга од медицинско лице, поточно, околу 10,7% ја добиле еднаш или неколку пати, 5,7% имаат потреба, но не знаат за оваа услуга а 5,7 % биле одбиени да добијат ваква услуга. Подолу во табелата бр.13 се дадени потребите на лицата со попреченост од патронажна услуга и може да се заклучи дека висок е процентот на лицата кои не знаат за оваа услуга или, пак, биле одбиени.

Табела бр.13. Дали сте добиле патронажна услуга од медицински персонал за вас (за лицето)?

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Да, еднаш добив | 8 | 6.6 |
| Да, имам добиено многу пати | 2 | 1.6 |

| | | |
|---|---|---|
| Да, редовно добивам | 3 | 2.5 |
| Ми треба таква услуга, но не знаев дека постои | 7 | 5.7 |
| Не ми треба таква услуга | 92 | 75.4 |
| Не добив, се обидов да добијам но не успеав | 7 | 5.7 |
| Одбива да одговори / не знае | 3 | 2.5 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Во однос на прашањето за услугите, 4,9% од лицата со попреченост не ги добиле потребните здравствени услуги. Кај лицата со попреченост, кои одговориле дека не ги добиле потребните здравствени услуги, најмногу им недостасува патронажната услуга и превозот до здравствената установа, табела бр.14.

Табела бр.14. Кој услуги ви недоставуват

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Патронажна служба | 1 | 16.7 |
| Превоз за лица со попреченост до здравствена установа | 1 | 16.7 |
| Друго | 2 | 33.3 |
| Патронажна служба и друго | 1 | 16.7 |
| Доставување на потребните лекови и превоз за инвалиди | 1 | 16.7 |
| Вкупно | 6 | 100.0 |

На испитаниците им беа понудени повеќе одговори на прашањето „Кои од наведените уреди и помагала сметате дека ќе Ви/ му го олеснат живеењето и треба да Ви бидат обезбедени?" и најголем дел од возрасните со попреченост одговорија дека имаат потреба од паметна алка за мерење на крвен притисок, инвалидска количка со адаптација за тоалет и производи за временска ориентација.

**Заклучоци:**

- Околу 34,4% од лицата со физичка и комбинирана попреченост се потполно неподвижни или користат инвалидска количка што преставува висок процент на лица со ризик. Процентот на лицата со лоша здравствена состојба е висок, во однос на полот постои избалансираност, а најбројни се лицата со физичка попреченост, потоа лицата со интелектуална попреченост што ја оценуваат својата здравствена состојба како лоша;
- Во однос на добивањето на лекарски преглед во последните 12 месеци 11,5 % од лицата со попреченост биле во ситуација еднаш или неколку пати да не добијат општ здравствен преглед кај матичниот лекар, а 27,9% еднаш или повеќе пати не добиле специјалистички преглед.
- Околу 63,1% имаат проблеми со движењето и им треба помош, од кои побројни се лицата со попреченост од машкиот пол кои имаат проблеми во движењето со потребна помош. Значителен дел од лицата со попреченост имаат проблем да стигнат до амбуланта, а особено овој проблем го имаат лицата кои живеат во село. Проблемот е поголем за оние лица, кои почесто имаат потреба од

здравствена услуга, а околу 1/3 од испитаниците се изјасниле дека потреба од ваков вид на услуга имаат еднаш месечно;

- Дел од возрасните лица со попреченост имаат проблем да добијат специјалистички преглед најчесто заради високата цена на прегледот;
- Околу 22,1 од лицата со попреченост имаат потреба од патронажна медицинска услуга;
- Кај лицата со попреченост, кои одговориле дека не ги добиле потребните здравствени услуги, најмногу им недостасува патронажната услуга и превозот до здравствената установа.
- Испитаниците имаат најмногу потреба од паметна алка за мерење на крвен притисок, инвалидска количка со адаптација за тоалет и производи за временска ориентација.

**Препораки:**

- Општината да преземе активности за поддршка на лицата со попреченост кои се неподвижни или се во инвалидска количка и оние кои се во лоша здравствена состојба. Се препорачува Општината, Центарот за социјални работи, Црвениот крст да изнајдат начини, преку проекти и апликации до Министерството за труд и социјална политика да обезбедат средства за реализирање на разни форми на помош и поддршка на оваа категорија на граѓани.
- Да се овозможи континуирано информирање на оваа категорија на граѓани за начините и можностите околу користењето на услугите во примарното здравство, лекар специјалист, патронажна услуга.
- Општината да обезбеди мерки за транспортна поддршка на тешко подвижните лица со попреченост до здравствените установи во општината;
- Општината да го зголеми опфатот на лица, кои ќе можат да добијат еднократна поддршка во медицинско лекување;
- Општината и Центарот за социјални работи да ги популаризираат услугите, кои им стојат на располагање на лицата со попреченост, а кои може да претставуваат финансиска поддршка во лекувањето.
- Да се обезбедат средства преку донации и субвенции, лицата со попреченост да ги добијат средствата кои им се неопходни за нивно функционирање и подобрување на квалитетот на животот (инвалидски колички, адаптирани тоалети, апарати за мерење притисок и др.).

**Проценка на потребите за домашна услуга**

Околу 20,5% од возрасните со попреченост немаат помош во домот, а на најголем дел од нив 40,2 %, им помагаат родителите, а помошта на деца кон родители е 10,7%. Многу е мал бројот на возрасните со попреченост кои добиваат помош во домот од лица надвор од семејството, табела бр. 15

Табела бр.15. Кој се грижи за вас/личноста во текот на денот?

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Никој не ми/му помага | 25 | 20.5 |

| | | |
|---|---|---|
| Родители | 49 | 40.2 |
| Детето/децата | 13 | 10.7 |
| Роднини / пријатели | 9 | 7.4 |
| Друго | 6 | 4.9 |
| Одбива да одговори / не знае | 20 | 16.4 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „полот“ и „грижата за лицата со попреченост“ и на двата пола во најголем дел им помагаат нивните родители, со што поголем е бројот на машкиот пол што ја добива оваа помош.




Грижата за лицата со попреченост придонесува голем број од родителите да не засноваат или да го прекинат работниот однос или, пак, им е намалена можноста од дополнителна активност, табела бр.16.

Табела бр.16. Само за родители. Како тоа влијае на вашиот професионален живот?

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Јас / маж ми / жена ми да останат невработени | 9 | 18.0 |
| Јас / мојот сопруг / сопруга да се откажам од работа | 1 | 2.0 |
| Работам / работам маж / жена со скратено работно време | 2 | 4.0 |
| Не може да врши дополнителни активности (работа на терен, итн.) | 14 | 28.0 |
| Не влијае | 18 | 36.0 |
| Одбива да одговори / не знае | 6 | 12.0 |
| Вкупно | 50 | 100.0 |

Просечно околу 49,2% од лицата со попреченост, имаат потреба од помош секојдневно, еднаш неделно или еднаш месечно, во реализацијата на одредени активности. Најмногу имаат потреба од помош во пазарувањето на намирници и движењето надвор

од домот, еднаш неделно најмногу за пазарење на намирници и перење на облека, а еднаш месечно, најмногу потреба од помош при одење на лекар и до банка. Ако се анализираат резултатите збирно, најмногу имаат потреба од купување на намирници и чистење во домот, табела бр.17.

Табела бр.17

| Дали и колку пати Ви е потребна помош за следните секојдневни активности? | | Потребна ми е помош секој ден / % | Потребна ми е помош барем еднаш неделно / % | Потребна ми е помош барем една месечно / % | Не ми е потребна помош/ % | Одбива да одговори / не знае/ % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пазарење намирници | 21,3 | 27,9 | / | 49,2 | 1,6 |
| 2. | Чистење во домот | 17,2 | 27,9 | 4,9 | 50 | / |
| 3. | Купување лекови | 15,6 | 13,9 | 16,4 | 54,1 | / |
| 4. | Одење до банка | 15,6 | 11,5 | 27,0 | 45,1 | 8 |
| 5. | Перење облека | 13,9 | 15,6 | 4,1 | 66,4 | / |
| 6. | Одење на лекар | 17,2 | 15,6 | 7,4 | 59,8 | / |
| 7. | Движење надвор од домот (прошетка) | 18,9 | 17,2 | / | 63,9 | / |
| 8. | Остварување средби со пријатели / роднини | 15,6 | 6,6 | 8,2 | 69,7 | / |

Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „потребите“ и „град и село“. При анализата на потребите, за сите потреби и во двете средини лицата со попреченост, највеќе имаат имаат потреба од помош неделно, потоа следи секојдневната потреба. Најповеќе имаат потреба од чистење еднаш неделно и во град и во село. Помош во пазарувањето на намирници повеќе потреба имаат лицата од град за пазарење секојдневно, неделно и месечно. Исто така испитаниците од град имаат поголеми потреби и во однос на движењето надвор од домот, пазарење, перење на облека, одење на лекар и до банка.

Лицата со попреченост беа прашани: Доколку сериозно се влоши вашата здравствена состојба или имате кревко здравје и не можете да го напуштите вашиот дом за вршење на секојдневните активности како пазарење или снабдување со основните лекови и подмирување на месечните сметки дали имате кому да се обратите за помош и поддршка? Од табелата бр.18, може да се заклучи дека најголемиот дел од испитаниците ќе се обратат до членовите на семејството со кои живеат и на децата кои не живеат со нив. Многу мал е процентот од лицата со попреченост кои поддршката би ја побарале од роднините, пријателите и чинителите во локалната заедница. Овие одговори соодветствуваат на перцепцијата на испитаниците дека голем дел од нив се чувствуваат заборавени од заедницата.

Табела бр.18

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Членовите на моето семејство кои живеат со мене | 43 | 63.2 |
| На моите деца, иако не живеат со мене. | 6 | 8.8 |
| На роднините. | 4 | 5.9 |
| Нема одговор. | 15 | 22.1 |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно | 68 | 100.0 |

38% од лицата со попреченост имаат потреба да разговараат со стручно лице за своите проблеми, од кои поголем е бројот на лицата од машкиот пол.




50% од лицата со попреченост немаат потреба од сигурносен систем „аларм“ за да може да повикаат здравствена служба доколку не се чувствуваат добро. Најверојатно истите не го разбираат значењето на алармот, затоа што 50% се изјасниле дека немаат потреба, а 50% немаат  никаков став. Околу 8,2% од испитаниците одговориле дека користеле личен асистент, а околу 3,3% одговориле дека имале потреба, но не биле информирани. 70% од тие, кои ја користеле оваа услуга се задоволни од истата, а 31,5  се изјасниле дека би ја користеле ваквата помош, доколку им е достапна.

**Услуги потребни во локалната заедница**

Во општина Куманово постојат здруженија, клубови на лица со попреченост (слух, вид, телесна попреченост, инвалиди). Покрај тоа во општина Куманово постои Дневен центар за лица со интелектуална попреченост за лица до 18 години и Дневен Центар за рехабилитација и реинтеграција на возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост за лица над 18 години. Во однос на прашањето дали има и дали посетувате дневен центар за лица со попреченост, околу 23,7% од испитаниците го користат и се задоволни, а околу 14,8% би го користеле, но не знаат дека постои ваков вид на услуга. Резултатите покажуваат дека лицата со интелектуална попреченост и лицата со телесна попреченост најмногу го користеле Дневниот центар.




На прашањето дали знаете дека во вашата општина ќе започне со работа центар за рехабилитација и реинтеграција за лица со интелектуална попреченост, само 12,3 % одговориле дека се запознаени со тоа. Според видот на попреченоста, најбројни се лицата со интелекуална попреченост. Според местото на живеење, град, село, побројни се лицата од град, што ги користат услугите на Центарот. Во однос на родовата застапеност, побројни се мажите од жените.




Од услугите на Центарот за рехабилитација и реинтеграција, испитаниците најповеќе имаат потреба од услугата моторен развој 17,2%. Потоа за развивање на работни вештини, професионална рехабилитација-ориентација, заинтересирани се само 5,7%,

табела бр.19. Ова укажува на потребата од развивање на оваа услуга преку форми на обуки за преквалификација и доквалификација, едукативни работилници, тркалезни маси итн.

Табела бр. 19

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Стекнување на културни и хигиенски навики | 1 | .8 |
| Моторниот развој | 21 | 17.2 |
| Развивање на работните вештини, професионална рехабилитација-ориентација | 7 | 5.7 |
| Компјутерска интеграција - Компјутерска обука и работа | 1 | .8 |
| Одбива да одговори/не | 92 | 75.4 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Во однос на родовата перспектива поголем е бројот на лицата од женскот пол што имаат потреба од услугите на центарот за рехабилитација и реинтеграција, табела бр. 20.

Табела бр.20

| | | Одбиваат да одговорат | Стекнување на културни и хигиенски навики | Моторниот развој | Развивање на работните вештини, професионална рехабилитација-ориентација | Компјутерска интеграција - Компјутерска обука и работа | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | мажи | 61 | 0 | 11 | 3 | 1 | 76 |
| | Жени | 31 | 1 | 10 | 4 | 0 | 46 |
| Вкупно | | 92 | 1 | 21 | 7 | 1 | 122 |

Во однос на користењето на социјални клубови/здруженија на лица со попреченост кои овозможуваат дружење, забава и рекреација, 27% се изјасниле дека ги користат и се задоволни од истите, а 27% би ги користеле, но не знаат дека постои ваков вид на услуга. Овие податоци се показател дека околу половина од испитаниците имаат потреба од ваков вид на услуга во локалната заедница. Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „пол“ и „користење на социјалните клубови“, при што овие клубови повеќе ги користат лицата од машкиот пол, исто така, поголем е бројот на мажите кои би го користеле но не знаат дека постои. Поголем процент од жените не се заинтересирани за користењето на овие клубови. Ова упатува од потреба од информирање, мотивирање и охрабрување на жените повеќе да се вклучуваат во социјалниот живот.




Во општина Куманово има народна кујна која е наменета за лица во социјален ризик. Резултатите покажаа дека околу 26,2 % од лицата со попреченост не се информирани дека постои народна кујна, но би сакале да ја користат. Исто така голем е процентот 44, 3% од лицата кои не се информирани, но не сакаат да ја користат. Ова укажува на потреба од поголема информираност на граѓаните за ваквиот вид на услуга.




Најголем број од испитаниците сакаат услугите од народната кујна да ги користат со носење на храна неколку пати месечно дома.




54% од лицата со попреченост имаат потреба од организиран превоз до најчесто посетуваните места, табела бр. 21. Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „град и село“ и „организиран превоз“, при што лицата од град имаат повеќе потреба за користење на организиран превоз, а во однос на половите, поголема потреба од организиран превоз имаат лицата од машкиот пол.

Табела бр. 21. Дали на вас/лицето му треба организиран превоз до најчесто посетуваните локации?

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Да | 66 | 54.1 |
| Не | 51 | 41.8 |
| Одбива да одговори / не знае | 5 | 4.1 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Општина Куманово и државата преземаат мерки за намалување на социјалниот ризик на одредени ранливи групи. Подолу во табелата бр.22 се претставени одговорите на лицата со попреченост, кои се однесуваат на одредени видови на услуги, кои може да им ги понудат општината и централната власт. Мал дел од лицата со попреченост имаат потреба од сместување во установа или групен дом. Дневниот престој како облик за повремена дневна грижа го изразиле како потреба 23,8% од испитаниците. Лицата со попреченост имаат потреба од поголема врска со општината и околу половина ја истакнуваат потребата од посета од социјален работник за да може да ја информираат општината за своите проблеми. Потребата од доквалификација и преквалификација не е изразена во голем процент (15,6%) кај лицата со попреченост што укажува на фактот дека имаат недоволно или несоодветно образование за да бидат поконкурентни. Потребно е да се изнајдат начини за зголемување на овој процент, преку воведување на мерки и активности за мотивирање на лицата за доквалификација и преквалификација. Најголема потреба на лицата со попреченост е пакети со храна и финансиска помош за купување на лекови. Ова претставува уште еден показател за постоење на висок степен на сиромаштија меѓу лицата со попреченост. Потреба за пристап до информации на едноставен и разбирлив јазик имаат 31.1% од испитаниците, а за информирањето на знаковен јазик имаат 9% од испитаниците. Потреба од психосоцијално советување имаат 30,3% од испитаниците, а висок процент повеќе од половина имаат потреба од правна помош. Ова укажува на зголемување на свесноста

на лицата со попреченост за можностите и начините за информирање, и добивање на правна помош да ги остварат своите права кои им следуваат во согласност со Закон. Потреба од групи за само-помош за родители имаат 10, 1% . Потреба за помош и грижа во домот имаат 27%, а од лична асистенција 33,6. Исто така, лицата со попреченост 30,3% имаат потреба од семејна нега. Една третина од испитаниците имаат потреба од рехабилитација и реинтеграција. Ова укажува на насочување на Општината кон обезбедувањето на средства за лица за нега и грижа во домот и како лични асистенти. Исто така, постоечките дневни центри да изнајдат начини и можности за квалитетно обезбедување на услугата рехабилитација и реинтеграција. Испитаниците немаат потреба за Halfway Центри за сместување.

Табела бр. 22. Дали имате потреба од следните услуги

| Вид на услуга | Одбива да одговори / не знае | Да | Не | Не сум размислув ал(а) |
|---|---|---|---|---|
| Сместување во институција која обезбедува згрижување на лица со попреченост | 0,8% | 8,2% | 86,9% | 4,1% |
| Групен дом (за споделување стан или куќа со неколку лица со иста или слична попреченост како вашата) | 0,8% | 4,9% | 90,2% | 4,1% |
| Центар за дневна грижа | 0,8% | 23,8% | 72,1% | 3,3% |
| Посета од социјален работник за да ја информирате општината за вашите проблеми | / | 51% | 46,7% | 1,6% |
| Програма за преквалификација за да можете да се вработите или да најдете подобра работа | / | 15,6% | 81,1% | 3,3% |
| Перење на алишта еднаш неделно | / | 5,7% | 92,6% | 1,6% |
| Помош при пакување на алишта | / | 53,3% | 46,7% | / |
| Финансиска помош за лекарства | / | 58,2% | 41,8% | / |
| Пристап до информации - информирање со едноставен и разбирлив јазик | / | 31,1% | 68,9% | / |
| Пристап до информации – информирање со знаковен јазик | / | 9,0% | 89,3% | 1,6% |
| Психо-социјално советување | / | 30,3% | 68,0% | 1,6% |
| Правна помош при советување | 1,6% | 52,5% | 42,6% | 3,3% |
| Групи за самопомош за родители | / | 10,7% | 87,7% | 1,6% |
| Помош и грижа во домот | 1,6% | 27,0% | 69,7% | 1,6% |
| Лична асистенција | / | 24,6% | 73,8% | 1,6% |
| Услуги за рехабилитација и реинтеграција | / | 33,6% | 66.4% | / |
| Услуга за одмор за семејна нега | / | 30,3% | 68,0% | 1,6% |
| Halfway домови | 3,3% | 8% | 94,3% | 1,6% |

**Колку се достапни објектите во општината**

Подолу во табелата 23. се претставени одговорите на возрасните со попреченост и на родителите/децата со попреченост во врска со степенот на достапност на одредени јавни објекти во општината. Имајќи предвид дека станува збор за прашање, кое беше поставено до сите, а дел од лицата со попреченост (како што се лицата со оштетен слух и говор и интелектуална попреченост) немаат проблем со физичката пристапност, проблемот со пристапноста е уште поголем во реалноста.

23.Колку се пристапни следните објекти и локации за лицето?

| | Вид на услуга | Тој/таа не знае | Целосно | Делумно | Не |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Општинската зграда | 0,8% | 40,2% | 17,2% | 41,8% |
| 2 | Објекти на општата болница | 0,8% | 36,9% | 17,2% | 45,1% |
| 3 | Автобуска станица | 0,8% | 36,9% | 12,3% | 50,0% |
| 4 | Пошта | 0,8% | 41,8% | 17,2% | 40,2% |
| 5 | Објекти на министерства / административни тела | 0,8% | 40,2% | 17,2% | 41,8% |
| 6 | Парк | 0,8% | 40,2% | 10,7% | 48,4% |
| 7 | Железничка станица | 0,8% | 21,3% | 13,9% | 63,9% |
| 8 | Религиозни објекти (цркви / џамии) | 0,8% | 45,1% | 12,3% | 41,8% |
| 9 | Библиотека | 0,8% | 41,8% | 15,6% | 41,8% |
| 10 | Места за паркинг | 0,8% | 36,1% | 11,5% | 51,6% |
| 11 | Училишта / Градинки | 0,8% | 44,3% | 16,4% | 38,5% |
| 12 | Центар за социјална работа | 0,8% | 38,5% | 15,6% | 45,1% |
| 13 | Спортски објекти (сали, базени, терени) | 2,5% | 36,9% | 17,2% | 43,4% |
| 14 | Културни објекти (театри, кина) | 0,8% | 32,0% | 13,9% | 53,3% |
| 15 | Маркети | 8% | 43,4% | 15,6% | 40,2% |
| 16 | Контејнери за ѓубре | 8% | 46,7% | 10,7% | 41,8% |
| 17 | Градски транспорт (автобус) | 8% | 45,1% | 17,2% | 36,9% |

Во однос на прашањето за информирањето за достапните услуги и за правата на лицата со попреченост најголем процент 39,3%, се информираат од медиумите, потоа од здруженијата на лица со попреченост 16,4% и од Центарот за социјални работи 14,8%.




Во однос на прашањето „Колку сте задоволни од советодавната и информативната улога на Центарот за социјални работи?“, испитаниците одговараа на скала од 1 до 5, при што најголем процент 49, 2% го оценија со најниска оценка 1, а со оценка 5 само 8,2%. Исто така, најголем процент 38,5% дадоа најниска оценка 1 за советодавната и информативната улога на здруженијата/синдикатите на лица со попреченост. Ова

укажува на ниска доверба во релевантните институции надлежни за лицата со попреченост. Ова исто така се детектира како проблем што треба да се разгледува од сите аспекти.

**Заклучоци:**

- Просечно околу 49,2% од лицата со попреченост, имаат потреба од помош секојдневно, еднаш неделно или еднаш месечно, во реализацијата на одредени активности;
- Лицата со попреченост се чуствуваат заборавени од заедницата, од кои повисок е процентот на лицата од машкиот пол, 38%;
- Лицата со попреченост имаат потреба да разговараат со стручно лице за своите проблеми, од кои поголем е бројот на лицата од машкиот пол;
- 1/3 од испитаниците се изјасниле за потребата од личен асистент;
- Околу 15% од испитаниците не се запознаени со постоењето на Дневен центар, 27% со постоење на социјален клуб за лица со попреченост;
- Околу половина од испитаниците имаат потреба од користење на социјален клуб, поголем е бројот на мажите кои би го користеле но незнаат дека постои;
- Голем дел од испитаниците не се запознаени со постоењето на народната кујна а околу 26,2 % имаат потреба од користење на оваа услуга;
- Најголем број од испитаниците сакаат услугите од народната кујна да ги користат со носење на храна неколку пати месечно дома;
- Повеќе од 50% од лицата со попреченост имаат потреба од организиран превоз до најчесто посетуваните места, при што лицата од град имаат повеќе потреба за користење на организиран превоз, а во однос на половите, поголема потреба од организиран превоз имаат лицата од машкиот пол;
- Голем дел од испитаниците имаат потреба од пакети со храна и средства за купување на лекови;
- Дневниот престој како облик за повремена дневна грижа го изразиле како потреба 23,8% од испитаниците;
- Дел од испитаниците имаат потреба од сместување во установа или групен дом;
- Половина од испитаниците ја истакнуваат потребата од посета од социјален работник за да може да ја информираат општината за своите проблеми;
- Потребата од доквалификација и преквалификација не е изразена во голем процент 15,6%;
- Потреба од едноставен и разбирлив јазик имаат 31.1% од испитаниците, а за информирањето на знаковен јазик имаат 9% од испитаниците;
- Висок процент повеќе од половина имаат потреба од правна помош, а потреба од психосоцијално советување имаат 30,3% од испитаниците;
- Лицата кои имаат потреба од лична асистенција 33,6%, а за помош и грижа во домот се 27%;
- Една третина од лицата со попреченост имаат потреба од семејна нега;
- Една третина од испитаниците имаат потреба од рехабилитација и реинтеграција;

- Голем број од јавните објекти и површини се целосно или делумно непристапни за лицата со попреченост;
- Мал процент 6,7% се запознаени за постоење на Центар за рехабилитација и реинтеграција за лица со интелектуална попреченост. Според местото на живеење, град, село, побројни се лицата од град, што ги користат услугите на Центарот. Во однос на родовата застапеност, побројни се мажите од жените;
- Од услугите на Центарот за рехабилитација и реинтеграција, испитаниците најмногу имаат потреба од услугата моторен развој 17,2%. Потоа за развивање на работни вештини, професионална рехабилитација-ориентација заинтересирани се само 5,7%;
- Во однос на прашањето за информирањето за достапните услуги и за правата на лицата со попреченост најголем процент 39,3%, се информираат од медиумите, потоа од здруженијата на лица со попреченост 16,4% и од Центарот за социјални работи 14,8%;
- 49, 2% ја оценија со најниска оценка советодавната и информативната улога на Центарот за социјални работи. Испитаниците дадоа најниска оценка и за советодавната и информативната улога на здруженијата/синдикатите на лица со попреченост.

**Препораки:**

- Центарот за социјални работи и другите невладините организации надлежни за лицата со попреченост, неопходно е да ја зајакнат својата советодавна и информативна улога, преку јакнење на системите за информирање од организациски, кадровски и технички аспект. Упатување за начините на користењето на постоечките форми на комуникација. Да се обезбеди доволен број на лица кои ќе обезбедат континуирано давање на совети на лицата со попреченост и на нивните родители;
- Една третина од испитаниците имаат потреба од рехабилитација и реинтеграција. Ова укажува на насочување на Општината кон обезбедувањето на средства за лица за нега и грижа во домот и како лични асистенти;
- Постоечките дневни центри да изнајдат начини и можности за квалитетно обезбедување на услугата рехабилитација и реинтеграција, преку реализација на проекти, апликативни дејности, донатори и други форми да се обезбедат средства за адаптирање, реновирање, опремување на центрите и нивно кадровско екипирање;
- Потребата од развивање на работни вештини форми на обуки за преквалификација и доквалификација, едукативни работилници, тркалезни маси и други форми на дообразување, што ќе им овозможи на лицата со интелектуална попреченост да живеат самостојно;
- Потреба од организирање на едукативни и информативни работилници, преку презентација на добри примери за родителите на лицата со интелектуална попречност да го сфатат значењето на осамостојувањето на нивните деца, да им

помогнат на своите деца во процесот на нивната рехабилитација и реинтеграција;

- Општината да преземе мерки да ја популаризира работата на народната кујна меѓу лицата со попреченост и да го зголеми бројот на корисници за да може да бидат корисници и најсиромашните лица со попреченост;
- Општината и организациите за лицата со попреченост да преземат мерки за отворање на социјални клубови;
- Поголем процент од жените не се заинтересирани за користењето на социјалните клубови. Ова упатува од потреба од организирање на информативни и мотивациски настани за охрабрување на жените повеќе да се вклучуваат во социјалниот живот;
- Општината да преземе мерки за организирање на превоз на лицата со најтешка форма на телесна попреченост, за да може да ги задоволат нивните потреби(здравствени услуги, образование, социјален живот итн);
- Општината да преземе активности за отворање на групен дом за лица со интелектуална и телесна попреченост;
- Општината, Центарот за социјални работи и организациите на лицата со попреченост да подготват целосна евиденција на лицата со попреченост во социјален ризик и да им помогнат со дистрибуција на пакети со храна;
- Општината да продолжи со мерките за давање на средства за купување на лекови и да го зголеми опфатот на лицата со попреченост во социјален ризик;
- Општината да преземе мерки за засилена контрола на пристапноста на објектите и јавните површини и да ја подобри пристапноста на институциите и инфраструктурата, кои се во нејзина надлежност.

**Дискриминација- ризик фактор**

На прашањето, дали се запознаени со Законот за спречување и заштита од дискриминација околу 70,5% од испитаниците одговориле дека не се запознаени со Законот, а 84,4% сметаат дека државата не ги почитува правата на лицата со попреченост. Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „пол“ и „заштитата од државата“, при што мнозинството од двата пола во избалансиран број сметаат дека државата не ги почитува нивните права. Во државата постојат неколку механизми за заштита од дискриминација: Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител и судската заштита и има Закон за спречување и заштита од дискриминација, но и неколку други закони и ратификувани меѓународни договори, кои даваат заштита од дискриминација. Исто така, попреченоста е една од заштитените основи на дискриминација во споменатиот закон и во останатите национални и меѓународни правни акти и постои и правен и институционален механизам за заштита. Испитаниците во висок процент или не се запознаени со овој систем на заштита или, пак, оние што знаат дека постои, го сметаат за неефикасен. Овој податок упатува на потребата за подигнување на нивото на информираност, преку едукативни програми во дневните центри за лицата со интелектуална попреченост и здруженијата и сојузите за лицата со попреченост кои ги посетуваат истите.




48,4% од испитаниците одговориле дека се чувствуваат дискриминирани во последните 12 месеци. Беше направено тестирање на корелацијата меѓу „дискриминација“ и „видот на попреченост“ при што, најбројни се лицата со телесна попреченост, потоа следуваат лицата со интелектуална попреченост, лицата со оштетен вид и слепи лица и оштетен слух и глуви лица. При корелацијата меѓу „дискриминација“ и „полот“ во последните 12 месеци, повисок е процентот на лицата од машкиот пол што се чувствуваат дискриминирани. Лицата со попреченост може да бидат дискриминирани врз основа на нивната попреченост, но може да има ситуации кога лицето може да биде жртва на повеќекратна или интерсекциска дискриминација, односно, да биде дискриминирано затоа што е истовремено, на пример Ром и лице со попреченост или затоа што е возрасно лице и лице со попреченост.




Подолу во табелата бр.24 наведени се областите во кои се случува дискриминација. Најголемиот процент од испитаниците се изјасниле дека постојано се дискриминирани во јавен превоз, потоа во банка и продавница, потоа од вработените во општинската и државната администрација, амбуланта - болница, областа на работните односи.

Табела бр.24

| Дали во Вашиот живот сте се почувствувале дискриминирани за следните секојдневни ситуации: | | Да, постојано /% | Понекогаш / % | Никогаш не ми се случило / % | Одбива да одговори / не знае /% |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | На работното место (или кога сте работеле) | 6,6 | 18,0 | 54,1 | 21,3 |
| 2. | При конкурирање за работно место | 6,6 | 17,2 | 56,6 | 19,7 |
| 3. | Во амбуланта / болница | 7,4 | 28,7 | 55,7 | 8,2 |
| 4. | Во продавница или банка | 9,8 | 21,3 | 56,6 | 11,5 |
| 5. | Во  центар на култура | 5,7 | 17,2 | 63,1 | 13,9 |
| 6. | На училиште/факултет | 5,7 | 16,4 | 61,5 | 16,4 |
| 7. | Во јавен превоз | 12,3 | 20,5 | 53,3 | 13,9 |
| 8. | Од страна на вработени во општинската или државната администрација | 9,0 | 19,7 | 58,2 | 13,1 |

Загрижувачки е податокот дека само 1,6% пријавиле дискриминација, а останатите не сакале да пријават дискриминација, поради недоверба на институциите 21,3%, не сакале да пријават случаи на дискриминација 17,2%, а 13,1% не знаеле за можноста да пријават, табела бр.25. Ова е загрижувачки однос од страна на испитаниците, треба да се пристапи кон кампањи кои ќе ја јакнат довербата во институциите, преку позитивни примери кои ги оствариле своите права преку институциите.

Табела бр.25. Дали сте пријавиле дискриминација на:

| | Број | процент |
|---|---|---|
| Основниот суд | 2 | 1.6 |
| Не знаев дека мож5ам да пријавам и затоа не пријавив | 16 | 13.1 |
| Знаев дека можам да пријавам, но не пријавив бидејќи немам доверба во институциите | 26 | 21.3 |
| Не сакав да пријавам | 21 | 17.2 |
| Нема одговор | 57 | 46.7 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

**Заклучоци:**

- Висок процент од лицата со попреченост не ги познаваат законите за заштита од дискриминација и се незадоволни од услугите што ги дава државата;
- Дискриминацијата е застапена во сите сфери на општественото живеење;
- Најголемиот процент од испитаниците се изјасниле дека постојано се дискриминирани во јавен превоз, потоа во банка и продавница, потоа од вработените во општинската и државната администрација, амбуланта - болница, областа на работните односи;
- Загрижувачки е податокот дека само 1,6% пријавиле дискриминација, а останатите не сакале да пријават дискриминација, поради недоверба на институциите 21,3%, не сакале да пријават 17,2%, а 13,1% не знаеле за можноста да пријават.

**Препораки:**

- Испитаниците во висок процент или не се запознаени со овој систем на заштита од дискриминација или, пак, оние што знаат дека постои, го сметаат за неефикасен. остварување на соработка со Комисијата за спречување на дискримиација и овие активности за подигање на свеста да ги спроведува во координација како овие лица би добиле соодветни информации и механизми да ги адресираат проблемите со дискриминација;
- Општината преку инспекциските органи да ја зголеми контролата за примената на одредбите на правните документи кои се однесуваат на заштита од дискриминација за лицата со попреченост во сите институции кои се под нејзина надлежност;
- Општината да организира кампањи, преку разни форми на едукација и подигнување на свесноста на сите граѓани што живеат во општината за помош и заштита на лицата со попречност;
- Поради ниската доверба во институциите од страна на лицата со попреченност, Општината треба да пристапи кон кампањи кои ќе ја јакнат довербата во институциите, како што е едукација за законските можности за нивата заштита и презентација на позитивни примери на лица со попреченост кои ги оствариле своите права преку институциите.

**Управување- ризик фактор**

Од табелата бр. 26, може да се заклучи дека лицата со попреченост релативно добро се упатени во дневната политика, така што 27% се изјасниле дека следат дневна политика, а често, неколку пати во неделата 18,9%, околу 32,8% не се заинтересирани за политиката воопшто.

Табела бр.26. Дали ја следите дневната политика

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Дневно | 33 | 27.0 |
| Често (Неколку пати во неделата) | 23 | 18.9 |
| Ретко ( Неколку пати во месецот | 24 | 19.7 |
| Никогаш | 40 | 32.8 |
| Одбива да одговори / не знае | 2 | 1.6 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Беше поставено прашањето: Дали се донесени политики на локално ниво во последните 3 години и дали сте заинтересирани за вас како лице со попреченост? Повеќе од 50% од испитаниците одговорија негативно. Ваквиот одговор може да се толкува и како резултат на недоволната информираност на граѓаните и како незадоволство од политиките за подобрување на состојбата на лицата со попреченост. Во однос на истото прашање беше направено тестирање на корелацијата меѓу „село град“ и

„заинтересираноста за политиките од страна на лицата со попреченост", резултатот е дека постои баланс меѓу лицата од град и село за незаинтересираноста за политиките.




Во однос на прашањето какви активности презеле за заштита на нивните интереси, може да се види од табелата бр. 27 дека само 28,7 презеле некакви активности, од кои 12,3% се сретнале со претставници на Советот на Општината, потоа оствариле средба со пратеникот од нивната општество, средба со градоначалникот итн.

Табела бр 27

| | Број | Процент% |
|---|---|---|
| Се сретнав со пратеник од мојот град. | 11 | 9.0 |
| Се сретнав со членови на општинскиот совет | 15 | 12.3 |
| Се сретнав со претседателот на општинскиот совет на мојата општина | 4 | 3.3 |
| Се сретнав со градоначалникот | 3 | 2.5 |
| Учествував во протест | 2 | 1.6 |
| Не преземав никакви мерки | 69 | 56.6 |
| Одбива да одговори / не знае | 18 | 14.8 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Испитаниците имаат релативно доверба во организациите на лицата со попреченост и околу 37,7% сметаат дека тие ги штитат правата на лицата со попреченост. Но, 29,5%, сепак, сметаат дека овие организации воопшто не ги штитат правата на лицата со попреченост. Во однос на видот на попреченоста најголема доверба имаат лицата со физичка попреченост, потоа се лицата со интелектуална попреченост. Во однос на родовата застапеност, побројни се мажите кои имаат поголема доверба во институциите. Ако се знае дека ова се организации, кои имаат само една целна група и поголемиот дел се сојузи, кои имаат стабилен модел на финансирање, овој процент е показател за недоволно активен граѓански сектор во општина Куманово, којшто ќе застане во заштита на правата.




Лицата со попреченост беа прашани кои права им се повредени, нудејќи им листа на одговори со повеќе видови на права, кои припаѓаат во основните, граѓанските, политичките, економско- социјалните и културните права и најголем број од нив одговорија дека им се повредени правото на вработување, правото на едукација и правото на еднаков третман.

Лица со попреченост беа прашани Што треба да направи Општината за да се подобри состојбата на лицата со попреченост? Испитаниците имаа можност да дадат предлози по свое видување. Испитаниците дадоа конструктивни предлози кои произлегуваат како препораки од досегашната анализа на факторите. Ако ги сублимираме предлозите највеќе се повторува потребата од финансиски средства во форма на: парична помош, зголемување на надоместоците за социјалните услуги, воведување субвенции за лекови, ослободување од трошоци за лицата со попреченост. Потоа следат предлози околу дневните центри за престој на лицата со попреченост. Најпрво тие предлагаат да се подобрат условите во постојните дневни центри, просторно да се прошират, адаптираат и реновираат. Посебно потребата од воведување на работа во две смени во центрите да може лицата со попреченост да престојуваат и во попладневните часови. Исто така, се предлага отворање на нови, како што се: дневен центар за лица со попреченост, дневен центар за малолетни лица, отварање на Мал групен дом за престој на лица со попреченост кога ќе останат сами по смртта на нивните родители и дневен центар за физикална терапија на лица со попреченост со тим од лекари ментори. Тие ги истакнаа како неопходни и потребите во образованието за лицата со попреченост, да се воведат подобрени услови во образовните институции за едукација на лицата со попреченост, воведување на нови мерки и програми во училиштата за подобрување на условите во образованието за лицата со попреченост. Да се организираат психолошки работилници за родители. Следни се потребите околу обезбедување на превоз за лицата со попреченост, како и адаптирањето на јавниот превоз за лицата со попреченост. Потоа следи предлогот за адаптирање на пристапноста на институциите за лицата со попреченост да се обезбеди пристапност на градскиот базен за пливање за лицата со попреченост. Да се инсталира лифт во Центарот за социјални работи. Работење на подигање на свеста на граѓаните во однос на лицата со попреченост. Да се обезбедат услови за спортување да имаат можност лицата со попреченост да учествуваат на специјална пара олимпијада за лица со попреченост.
Од услугите за социјална заштита, лицата со попреченост најмногу ја користеле услугата надомест за нега и грижа на друго лице 37,7%, потоа услугата за инвалидитет 17,2%. Во

однос на полот, поголем процент е на преставниците од машкиот пол што ја користеле услугата надомест за нега и грижа на друго лице, а услугата за инвалидитет, поголем е бројот на преставничките од женскиот пол.

**Заклучоци:**

- Повеќе од половина од испитаниците не се заинтересирани за политиките и сметаат дека во последните три години не се креирани политики на локално ниво, во лицата со попреченост, еднаков е бројот на граѓаните од град и село кои се незаинтересирани за политките;
- 29,5%, сепак, сметаат дека овие организации воопшто не штитат правата на лицата со попреченост. Во однос на видот на попреченоста најголема доверба имаат лицата со физичка попреченост, потоа се лицата со интелектуална попреченост. Во однос на родовата застапеност, побројни се мажите кои имаат поголема доверба во институциите;
- Лицата со попреченост како најбројни редоследно ги истакнаа следните потреби: потребата од финансиски средства, потребите околу дневните центри за престој на лицата со попреченост, потребите во образованието за лицата со попреченост, превозот на лицата со попреченост, пристапноста во објектите, потреби за рехабилитација и спортски активности.

**Препораки:**

- Општината да ги стави како приоритет потребите на лицата со попреченост и да презема повеќе мерки за подобрување на нивната положба како и поголемо информирање за активностите кои ги презема;
- Посебно Општината, Центарот за социјални работи и други релевантни институции треба да преземаат активности за јакнење на довербата во институциите од страна на лицата од женскиот пол, преку едукативни работилници и други форми на информирање и едуцирање за значењето, можностите и бенифициите што може да ги добијат;
- Организациите/сојузите на лицата со попреченост да ги зајакнат своите капацитети во заштитата на правата на лицата со попреченост;
- Општината, Центарот за социјални работи и организациите на лицата со попреченост да преземат мерки за соодветно и сепофатно информирање на лицата со попреченост за правата кои произлегуваат од националниот и локалниот систем на социјална заштита;
- Општината да организира тркалезни маси со преставници од лицата со попреченост да се изменат регулативите околу парична помош, зголемување на надоместоците за социјалните услуги, воведувањето на субвенции и ослободување од трошоци за лицата со попреченост.
- Општината во координација со невладини организации, сојузите и други институции кои се грижат за лицата со попреченост да организира континуирани средби во форма на тркалезни маси, собири и други форми на осознавање на

проблемите на лицата со попречност за обезбедување на средства и изнаоѓање на решение за подобрување на условите во постојните дневни центри, да се прошират, адаптираат и реновираат, потребата од воведување на работа во две смени во центрите да може лицата со попреченост да престојуваат и во попладневните часови.
- Општината и другите институции кои се надлежни за лицата со попреченост, преку донации, проекти од домашни и меѓународни организации, приватниот сектор да обезбеди средства за отварање на нови дневни центри како што се: дневен центар за малолетни лица, отварање на Мал групен дом за за лица со попреченост, дневен престој на лица со попреченост кога ќе останат сами по смртта на нивните родители и дневен центар за физикална терапија на лица со попреченост со тим од лекари ментори.
- Општината и надлежните министерства за потребите во образованието за лицата со попреченост, да ги подобрат условите во образовните институции за едукација на лицата со попреченост, да се воведат нови мерки и програми во училиштата за подобрување на условите во образованието за лицата со попреченост. Да се организираат психолошки работилници за родители.
- Да се адаптира пристапноста на објектите на сите јавните инстутуции за попреченост за лицата со попреченост, (да се обезбеди пристапност на градскиот базен за пливање за лицата со попреченост, да се инсталира лифт во Центарот за социјални работи и др.).
- Да се работи на подигање на свеста на граѓаните во однос на лицата со попреченост од страна на Општината и сите други релевантни и одговорни институции преку организирање на трибини, тркалезни маси, едукативни работилници, семинари итн.
- Дневните центри за рехабилитација и реинтеграција во координација со Општината да обезбедат услови за спортување да имаат можност лицата со попреченост да учествуваат на специјална пара олимпијада за лица со попреченост.
- Општината да организира консултативни состаноци со јавните и приватните установи за подобрување на условите во јавниот превоз на лицата со пореченост и да се обезбеди финансиска помош и бенефиции за превозни средства за лицата со попреченост кои не се способни да користат јавен превоз.

**Природни и технички катастрофи**

Проценка на лични и домашни ризици:

Лицата со попреченост се најмногу изложени на последиците од природните и техничките катастрофи и може да бидат загрозени нивниот живот и нивното здравје. Пожарите, поплавите, земјотресите, одроните и свлечиштата на земјиште, рушевини, епидемии и сл. може да бидат ризици и опасности на кои најранливи се лицата со попреченост. Глувите, слепите, слабовидните и лицата со интелектуална попреченост имаат проблем со навремена и соодветна опасност од одредени ризици и опасности за

да може соодветно да реагираат и да ја избегнат. На прашањето дали навремено, разбирливо и јасно можат да го добијат предупредувањето негативно одговорија 23,0% од испитаниците, што е прикажано во табелата бр.28. Во однос на истото прашање беше направено тестирање на корелацијата меѓу половите при што поголем е бројот на лицата од машкиот пол што одговориле негативно.

Табела бр.28 Предупредување за одредена опасност од катастрофи (на пример, поплава, пожар, свлечиштата итн.) можам/ не можам да го добијам навремено, разбирливо и јасно

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Одбива да одговори / не знае | 3 | 2.5 |
| Се сложувам | 91 | 74.6 |
| Не се сложувам | 28 | 23.0 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Во однос на прашањето дали медиумите (телевизија, радио, весник или интернет) имаат информации кои се прилагодени на потребите на лицата со попреченост 30,0% не се согласуваат со тоа, од кои поголем е бројот на лицата од женскиот пол.




13,1% од испитаниците одговорија дека не можат да слушнат одреден аларм за одредена опасност не можат да го видат или слушнат, табла бр. 29.

Табела бр.29. Доколку има одреден аларм за одредена опасност, можам да го видам или слушнам:

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Одбива да одговори / не знае | 8 | 6.6 |
| Се сложувам | 98 | 80.3 |

| | | |
|---|---|---|
| Не се сложувам | 16 | 13.1 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Во однос на прашањето за достапноста на пожарникарите и медицинскиот персонал во домот во кој што живеат испитаниците 31,1% одговориле дека немаат пристапност, а 63,9% одговориле позитивно. Во однос на безбедноста на домот од умерени земјотреси, 57,4% одговориле позитивно, а само 3,3,% одоговориле негативно. 68% одговориле дека имаат безбедна електрична инсталација од пожари, а 5,7% одговориле негативно. Исто така, 78,7% не заборавaат и знаат како да користат електричен уред, а 18,0% одговориле негативно, од кои поголем е процентот на лицата од машкиот пол. Противпожарните апарати не се застапени во домовите на испитаниците во голем процент 73,8, а 23% располагаат со противпожарни апарати. Поголем е бројот на испитаници од машкиот пол што не располагаат со противпожарни апарати. Во однос на прашањето дали испитаниците предизвикале пожар 14,8 одговориле позитивно, од кои поголем е бројот на лицата од женскиот пол. Треба да се јакне свесноста на граѓаните за обезбедување на овие уреди, како прв чекор во справувањето со пожар. Ако го додадеме и високиот процент на непристапноста во објектите за пожарникари и медицински персонал укажува на сериозност и потреба од едукација на лицата со попреченост за преземање на мерки и дејствија за превенција и безбедност од пожари.




Во однос од можноста од природни катастрофи што би биле предизвикани од поплава, дали во близината на домовите на испитаниците има река и постои опасност да се излее или домот е во област каде што тече вода од различни места и може да се поплави приземјето, 7,4% одговориле дека постои таква опасност, а 92,6% одговориле негативно. На оваа опасност се изложени повеќе лицата кои живеат во град отколку во село.

23,8% од испитаниците одговориле дека постои ризик од настанување на поплава поради заборавање на чешмите (тушот) во кујната и бањата. Во однос на родовата перспектива поголем е бројот на лицата од машкиот пол што може да предизивикаат ваков ризик.




Во однос на опасноста од пожар поради надворешни околности во близината на домовите на испитаниците. Како што е шума или стари објекти (згради/куќи) кои можат да бидат предмет на пожар 16,4% одговориле позитивно за постоење на таква можност, а 83.6% одговориле негативно. Во однос на местото на живеење, лицата кои живеат во град се повеќе изложени на оваа опасност.

При анализа на подршката што ја добиваат лицата со попреченост при настанати ризици и катастрофи 94,3% одговориле дека може да им помогнат членови на семејството, а 98,4% може да очекуваат помош од соседството. Од мал процент на лица што одговориле дека не можат да очекуваат помош од семејството, сите се од женскиот пол. Испитаниците беа прашани и за пристапноста на возилата за противпожарна заштита и брза помош во улицата, на местото на живеење, при што 23,8% одговориле негативно, табела бр. 30, што е сериозен проблем кој упатува на активности на Општината за адаптирање на улиците за да се овозможи ваква пристапност.

Табела бр.30. Улицата во која живеам е доволно достапна за противпожарна или брза помош:

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Одбива да одговори / не знае | 5 | 4.1 |
| Се сложувам | 88 | 72.1 |
| Не се сложувам | 29 | 23.8 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Од 38,5 се изјасниле дека не се информирани и не знаат како да се справат со одредена катастрофа, табела бр. 31. Според родовата застапеност поголем е процентот на лицата од женскиот пол што не се информирани и незнаат како да се справат со одредена катастрофа. Ова укажува на сериозен проблем кој треба да се разгледува и решава од страна на Општината.

Табела бр. 31. Имам информации и знам како да се евакуирам во одредена катастрофална ситуација:

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Одбива да одговори / не знае | 8 | 6.6 |
| Се сложувам | 67 | 54.9 |
| Не се сложувам | 47 | 38.5 |
| Вкупно | 122 | 100.0 |

Во однос на прашањето дали Општината може да се справи во случај на ризици и катастрофи 21, 3 % одговориле негативно, 41,4% одговориле позитивно. Ова укажува на значајна недоверба во институциите од страна на лицата со попреченост. Општината треба да преземе мерки и активности за информирање и едукација на лицата со попреченост и членовите на семејствата како треба да постапуваат во случај на непредвидени ризици и катастрофи.




21,3% од испитаниците сметаат дека Општината нема план за справување со ризици и катастрофи, исто така голем е процентот што не се информирани, табела бр. 32. Прашањето е дали во Планот за заштита и спасување на Општина Куманово и процедурите за постапување на лицата со попреченост при ризици и катастрофи. Од анализата на документите и фокус групите е констатирано дека не постои план и процедури за постапување на лицата со попреченост во случај на ризици и катастрофи од сите аспекти. Како да постапат членовите на семејството, како да постапат самите лица со попреченост и како да постапат релевантните институции надлежни за заштита и спасување. Ова е прашање кое задолжително треба да се постави и реши.

Табела бр. 32. Општината има план како да им помогне на лицата со попреченост во ситуации на елементарни непогоди:

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Одбива да одговори / не знае | 54 | 44.3 |
| Се сложувам | 42 | 34.4 |
| Не се сложувам | 26 | 21.3 |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно | 122 | 100.0 |

**Заклучоци:**

- 23,0% од испитаниците не ги добиваат информациите навремено, разбирливо и јасно од предупредување за одредени резици од природни непогоди и катастрофи, од кои поголем е бројот на лицата од машкиот пол;
- Една третина од испитаниците сметаат дека медиумите (телевизија, радио, весник или интернет) не се прилагодени на потребите на лицата со попреченост, од кои поголем е бројот на лицата од женскиот пол;
- Во однос на на достапноста на пожарникарите и медицинскиот персонал во домот во кој што живеат лицата со попреченост 31,1% одговориле дека немаат пристапност;
- 18,0% забораваат и незнаат како да користат електричен уред, од кои поголем е процентот на лицата од машкиот пол;
- Противпожарните апарати не се застапени во домовите на испитаниците во голем процент 73,8%;
- 14,8 лицата со попреченост предизвикале пожар, од кои поголем е бројот на лицата од женскиот пол;
- 23,8% од испитаниците одговориле дека постои ризик од настанување на поплава поради заборавање на чешмите (тушот) во кујната и бањата. Во однос на родовата перспектива поголем е бројот на лицата од машкиот пол што може да предизивикаат ваков ризик;
- 16,4% од лицата со попреченост живеат на места од каде што може да има опасност од пожар, од кои поголем е бројот на лицата од машкиот пол;
- Пристапноста на возилата за противпожарна заштита и брза помош во улицата, на местото на живеење е проблем кај 23,8% од испитаниците;
- 38,5% од лицата со попреченост не се информирани и не знаат како да се справат со одредена катастрофа. Според родовата застапеност поголем е процентот на лицата од женскиот пол што не се информирани и незнаат како да се справат со одредена катастрофа;
- 21,3 % сметаат дека Општината не може да се справи во случаи на природни непогоди и катастрофи;
- 21,3% од испитаниците сметаат дека Општината нема план за справување со ризици и катастрофи, исто така висок е процентот што не се информирани.

**Препораки:**

- Општината и сите релевантни институции редовно да ги проверуваат и адаптираат сите алармни системи за навремено предупредување на сите категории на лица со попреченост;
- Медиумите и Општината да ги адаптираат своите информативни технологии и начини на информирање според видот на попреченоста на граѓаните се со цел

сите навремено да ги добијат информациите во случај на алармантни ситуации и опасности од природни непогоди и катастрофи;
- Релевантните институции за справување со кризи и заштита и спасување во своите планови да изработат процедури за постапување на лицата со попреченост во случај на ризици и катастрофи од сите аспекти. Како да постапат членовите на семејството, како да постапат самите лица со попреченост и како да постапат релевантните институции надлежни за заштита и спасување. Ова е прашање кое задолжително треба да се постави и реши;
- Општината да презема едукативни програми за обучување на лицата за користење на електричните апарати во домаќинството и воопшто како да се однесуваат во домашни услови да се заштитат од сите опасности од катастрофа во домот;
- Општината и други релевантни инстиутуции треба да преземаат мерки за јакнење на довербата во институциите од лицата со попреченост преку преземање на едукативни програми, информативни канали и други вежбовни активности за информирање и едуцирање на лицата со пореченост и членовите на семејствата, посебно лицата од женскиот пол како треба да постапуваат во случај на непредвидени ризици и катастрофи;
- Општината треба да ги развива и јакне информациските технологии прилагодени за лицата со попречност за навремено информирање на истите во случај на ризици и катастрофи;
- Општината да преземе активности за адаптирање на улиците за пристапност на противпожарни возила и возила за брза помош;
- Треба да се јакне свесноста на граѓаните за обезбедување на противпожарни уреди, како прв чекор во справувањето со пожар. Ако го додадеме и високиот процент на непристапноста во објектите за пожарникари и медицински персонал укажува на сериозност и потреба од Општината и другите релаванти институции за едукација на лицата со попреченост за преземање на мерки и дејствија за превенција и безбедност од пожари.

## 6. Анализа на фокус група

Во рамките на истражувањето се реализираа две фокус групи. Едната со претставници на локалните институции кои се застапени во Советот за социјална заштита и друга фокус група составена со претставници на граѓански организации и припадници и припаднички на ранливи групи. Двете фокус групи длабински ги разгледаа проблемите и предизвиците на мапираните ранливи групи.

**Анализа на Фокус група со преставници на релевантни институции**

Фокус групата се реализираше со претставници од Општина Куманово од одделот за социјална заштита, Здравствен дом - Куманово, Центарот за управување со социјални работи - Куманово, Црвен крст - Куманово, Здружение за промоција и развој на

инклузивни општество „Инклузива”, ЈУМСЦР-Куманово, АВРСМ- Куманово, Дирекција за заштита и спасување, Центар за управување со кризи.

**Образование**

Во однос на образованието извршено е мапирање на социо-образовните услуги. Притоа е утврдено дека има голем број деца на улица кои не посетуваат образование. Проблем во однос на образованието има поради миграцијата, азилантите по враќање дома немаат никакво образование. Општината нема евиденција за децата кои се враќаат, а треба да продолжат со образованието. Во врска со тоа Општина Куманово во координација со други невладини организации презема активности за враќање на децата во училиште. Општина Куманово реализирала проект училиште за возрасни, за дооформување на своето образование. Здружението „Инклузива“ преку Европски проект три години дава стипендии на деца со попреченост од прво и второ одделение од семејства на самохрани родители. Оваа поддршка е обезбедена преку меѓународни проекти, со завршување на проектот завршува и помошта. Неопходно е континуирано да се обезбедуваат средства за децата со попреченост, особено од социјално загрозените семејства, Општина Куманово преку здружението „Инклузива“ дава поддршка за образување на инклузивна образовна средина во пет училишта, при што финансиски партиципирала во создавање на три сензорни соби, едно инклузивно игралиште и еден адаптиран тоалет во училиште. Исто така, оваа активност треба да продолжи и во другите училишта за да се подобрат условите за учење кај лицата со попреченост. Општината преку Програмата ОКР обезбедува лична и образовна асистенција за ученици со попреченост во средно образование Центарот за социјална работа согласно законската регулатива го поддржува образованието на децата со образовен додаток и детски додаток во склоп на права на децата. Општината реализирала отворен јавен повик за трибини едукација на родители и ученици од средно образование стоп на дрога и насилство, сексуално и репродуктивно здравје. По претходно мапирање на сите ученици од средно образование кои имаат попреченост и на кои што им е потребен образовен и личен аспект, Општината обезбедила социо-образовни услуги на истите преку обезбедување образовни лични асистенти. Оваа потреба треба да се развива и одржува Општина Куманово ке продолжи да ја презема оваа обрска и да ја спроведува личната и образовната асистенција со цел да им помогне на учениците. “Инклузива“ во координација со секторот за образование од Општината во едно училиште формирала инклузивна група деца со попреченост и деца без со попреченост каде два пати неделно спортувале заедно при што е утврдено при реализација на овие активности дека децата без попреченост немаат предрасуди кон децата со попреченост заедно спортуваат и им нудат целосна поддршка. Треба да се прошируваат и јакнат овие позитивни примери и кај возрасните. Општината презела активности во доменот на образованието, неопходно е да се одржуваат и прошируваат услугите за финансиска поддршка на лицата со попреченост, услугите за лична асистенција. Потребно е да се адаптираат училиштата на потребите на лицата со попреченост. Да се преземаат едукативни активности за подигање на свесноста на родителите, наставниците и сите граѓани да немаат предрасуди кон овие лица

Општината презела активности во доменот на образованието, неопходно е да се одржуваат и прошируваат услугите за финансиска поддршка на лицата со попреченост, услугите за лична асистенција. Потребно е да се адаптираат училиштата на потребите на лицата со попреченост.

**Здравство**

Кај примарната здравствена заштита услугите се бесплатни за социјално ранливите категории на граѓани. Приодот за лицата со попреченост не е решен во здравствените установи, да можат безбедно да влезат во установата. Како проблем се јавува нередовната имунизација при што здравствените установи реализираат активности за информирање на родителите на лицата што се вон образовниот процес за редовен систематски преглед и редовен процес на имунизација. Најбројни се лицата од ромската националност кои се вон образованието. Општината обезбедува финансиски средства за трибини, едукација на родители, за вакцинацијата, репродуктивно здравје и други прашања поврзани со превенција и заштита на здравјето на граѓаните. Голем проблем е нискиот одзив за вакцинација на децата, неопходно е да продолжат кампањите за вакцинација. Како недостаток во доменот на здравството е инертноста на матичните лекари за лицата со потребите на лицата со попреченост. Претставник за заштита на лицата со попреченост ќе истакне „матичните лекари служат само за препишување на рецепти и издавање упат за Скопје“. Причина е непристапноста на здравствените објекти за лицата со попреченост и needуцираниот здравствен кадар за оваа категорија на граѓани, за воспоставување на комуникација со лицата со попреченост. Ова особено е изразено во комуникацијата со лицата што се глуви, поради непознавање на знаковниот јазик од страна на лекарите не можат да ја слушнат дијагнозата за болеста и што треба да преземат за да се излекуваат. Другиот проблем е што за децата со попреченост нема развојно советувалиште, нема стоматолошки услуги, и други здравствени услуги на локално ниво, при што се принудени да патуваат во други градови. Патувањето во други градови за лицата со попреченост е заморно и тешко и често родителите се откажуваат да ги носат на преглед во други градови.

**Вработување**

Во однос на вработувањето на лицата со попреченост, бројот на вработени лица со попреченост многу е мал, треба да се преземаат активности за мотивирање и охрабрување на лицата со попреченост да се вработуваат. Невладината организација „Инклузива“ дава поддршка на Агенцијата за вработување за вработување на лица со попреченост. Агенцијата за вработување треба да презема повеќе активности за вработување на лицата со попреченост. Општина Куманово има вработено целосно слепо лице во Правниот сектор, кој е магистер по право. Во подрачното одделение за заштита и спасување и во Министерството за Одбрана има вработено по две лица кои се глувонеми, од кои мнозинството се Роми. Има девојка лице со попреченост од женскиот пол што има отворено сопствена фирма, логопед. Во Агенцијата за вработување и во другите институции нема вработено лица со попреченост.

**Социјални услуги**

Општина Куманово планира и наредната година да ги продолжи и развива постојните форми на услуги. Општината планира во наредната година да ја прошири услугата живеење со поддршка, во комуникација е со центарот за социјална работа, има едно лице со попреченост кое е сместено во дом за стари лица, неговата куќа планираат да ја искористат во развој на нова социјална услуга живеење со поддршка, а финансирањето на овие услуги треба да го обезбедува Министерството за труд и социјална политика. Општината планира  отворање на кризен центар на регионално ниво, да се опфати целиот Северо-источен плански регион, сите општини, да партиципираат во финансирањето и одржувањето на тој Шелтер центар. Секако истиот да биде поддржан и од страна на надлежните Министерства за да се обезбеди негово опстојување. Општината обезбедува финансиска поддршка на здруженијата за да тие ја воспостават потребната услуга или за да ја унапредат истата со цел нивно лиценцирање. Општината има потреба од изградба на градинки. Општината има проблем  со домот за стари лица кој е 100 проценти искористен. За реализација на сите овие социјални активности Општината има потреба од дополнителни финансиски средства кои многу тешко се обезбедуваат.

**Комуникација и информирање**

Во однос на информирањето на лицата со попречност Здружението за промоција на инклузиво општество “Инклузива”  соработува со Општина Куманово и има склучено Меморандум за соработка. Тие даваат информативни услуги на лицата со попреченост, даваат поддршка на Општината  да ја адаптира веб страница за правата кои ги добиваат од општинската администрација. Општината нема евиденција за ранливите категории на граѓани и за лицата со попреченост што е многу важно за сите активности на Општината поврзани со оваа категорија на граѓани. Лицата со оштетен слух не можат да ги добијат информациите од Општина, затоа што седниците на Советот не се толкувани на знаковен јазик ниту се титлувани. Главно Општината информациите ги пренесува преку локалните медиуми кои се приватни што не би можеле без финансиска поддршка од Општината да воведат начин на информирање за лицата со попреченост. Во моментот таква можност нема, така што лицата со попреченост не добиваат квалитетна информација ниту од Општината ниту од медиумите.
Одделените за социјални работи во Општината ги информира, упатува и насочува лицата со попречност како да го остварат своето право. Како недостаток се истакна недоволната соработка помеѓу надлежните институции за ранливите категории на граѓани и лицата со попречност на локално ниво. Соработката со Општината е во повеќе области, образование, социјална заштита и другите области што ги работат, но заедно не седнуваат да дискутираат за проблемите на овие категории на граѓани и да разменуваат податоци за активности што ги реализирале или што ги реализираат во моментот. Соработката се сведува само на поединечна комуникација, одговори на барања, прашања итн со секоја институција пооделно. Здружението “Инклузива” истакна дека кога организираат состаноци поврзани со нивните активности,  ги поканува ат сите релавантни институции, но тие не доаѓаат на нивните состаноци. Треба

да се јакне внатрешната и надворешната комуникацијат помеѓу институциите за да може полесно да се решаваат проблемите. Општината има потреба од унифициран систем на евиденција за ранливите категории кој ќе биде поврзан со институциите за споделување на информации и податоци. Податоците за оваа категорија на граѓани ги добиваат од Центарот за социјална работа, Агенцијата за вработување, соработката со невладините организации, кои имаат членство во Социјалниот Совет на Општината. Потребни се финансиски средства да се изработи стратегија за евиденција на ранливите категории на граѓани преку посебна програма која технички ќе биде поддржана.

**Дискриминација**

Лицата со попреченост кои живеат на територијата на општина Куманово се дискриминирани поради непристапноста на објектите, особено тие што се од витално значење за нивно функционирање и посттварување на своите права. Така, непристапни се објектите каде што е сместена Општинската администрација, непристапни се здравствените установи, Центарот за социјални работи и други институции. Неопходно е да се преземат мерки за решавање на овие проблеми, да се адаптираат постојните објекти, а особено кога се градат нови објекти да се прилагодуваат според потребите на лицата со попреченост. Детектиран е проблем и кај улиците, не се спуштени тротоарите кога се прават улици да се спуштаат тротоарите, нема звучна сигнализација на пешачките премини и не е адаптиран јавниот превоз според потребите на лицата со попреченост. Во однос на пристапот на граѓаните кон лицата со попреченост, треба да се едуцираат како да постапуваат со истите, доколку истиот е правилен тие не се плашат, целосно се отвараат, без разлика дали е тоа дете од најмала возраст или возрасен до најстара возраст, не ја кријат попреченоста ниту родителите ниту лицата со попреченост. Лицата со попреченост добро се вклопени и не се дискриминирани на работните места. Тие може се чуствуваат дискриминирани во комуникацијата, не можат да комуницираат со нивните колеги зошто не го знаат нивниот знаковен јазик. На територијата на општина Куманово формирана е албанска организација за лицата со попреченост. Преставниците на институциите истакнаа дека многу е мала соработката со оваа организација, нема одзив и заинтересирамост од нејзините членови.

**Ризици**

Во безбедносните Планови на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување нд постојат процедури за постапување во случај на ризици и катастрофи. Методологија на плановите не се осврнува на лицата со посебни потреби.

Центарот за лица со попреченост **има изработено** безбедносен план како да постапуваат лицата со попреченост. Задолжително треба да се воспостават процедури како треба да постапат лицата со попреченост во случај на кризи и катастрофи. Исто така треба да се воспоставт процедури и за начинот на кој треба да постапуваат со лицата со попреченост одговорните лица што постапуваат во справување со ризици и катастрофи.

**Потреби на институциите**

Здружението „Инклузива“ ги застапува и штити правата и интересите на лицата со попреченост, од сите возрасти и од сите видови на попреченост, како здружение работи и дава поддршка и ги застапува нивните права на национално ниво. Не се доволно кадровски екипирани, се соочуваат со финансиски проблеми, се соочуваат со тешки проблеми за нивната одржливост. Најголема финансиска поддршка добиваат преку грантови кои се доволни само за потребите на лицата со попреченост. Одговорното лице на Здружението 10 години работи без никаков надомест, а сега е вработена преку меѓународни проекти. За тимот кој работи на овие активности нема доволно средства. На пример за услугата лична асистенција добиваат средства од државата за луѓето што се лични асистенти, а за координаторот и за организацијата никој не предвидува средства, а тоа е основата од каде се даваат услугите. Што значи организацијата мора да постои да биде одржлива за да може да се даваат овие услуги. Имаат потреба од просторно сместување и кадровско екипирање. Неопходна им е финансиска поддршка за целосно екипирање и функционално и ефикасно остварување на дејноста за која се основани. Неопходно е да се најде трајно решение за функционирањето на овие институции. Исто така, ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Куманово нема доволно простор за сместување на вработените. Од 2019 година има значително зголемување на бројот на вработените, но нема каде да се сместат за нормално функционирање на Центарот. Има потреба од нови компјутери, техничка опрема. Хуманитарното здружение „Мајка“ за заштита на правата на жртвите од семејно насилство има вработено психолог и социјален работник, како основен услов за опстојување на Невладината организација, меѓутоа тие имаат потреба од вработување на правник, кариерен советник и хигиеничар. Исто така, имаат потреба од сопствен простор, сега плаќаат висока кирија што е дополнителен издаток за организацијата. Имаат потреба од финансиски средства да ја преквалификуваат организацијата во Регионален центар за жртви од семејно насилство. Имаат доставено барања до надлежните министерства и други организации за обезбедување на средства но немаат одзив за тоа.

**Фокус група со претставници на граѓански организации и припадници и припаднички на ранливи групи**

На фокус групата присуствуваа претставници од Здружението за слепи лица од Куманово и слепи лица, Х. З. „Мајка“, Центарот за рехабилитација и реинтеграција за возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост „Порака Наша“, Општинската организација на Црвен крст Куманово, ДРОМ, и Националниот ромски центар.

**Образование**

Во општина Куманово за потребите на лицата со посебни потреби адаптирани се училиштата, направени се лифтови, означени се патеките за слепи лица, направени се посебни тоалети прилагодени за лицата со посебни потреби. Главен проблем во училиштата се тоалетите што не се поделени на машки и женски иако се реновирани и адаптирани. Психолозите треба да се насочуваат со воведување на посебни адаптирани третмани за децата жртви на семејно насилство, како итна и неодложна потреба. Засега

психолозите имаат ист пристап кон овие деца како и кон сите други. Потребно е да се воведе бесплатен училишен превоз за лицата со попреченост.

За децата Роми постојат повеќе програми насочени кон помош и поддршка на оваа категорија на деца. Има стипендии за основно и средно образование за деца Роми. Има отпишување на учениците Роми. Тоа најчесто се случува во повисоките одделенија од основното образование и од средното образование, пробуваат да одат во странство. Во врска со децата на улица се реализира проектот од Невладината организација ДРОМ во координација со Општината, истите се соочуваат со проблем за нивното сместување, затоа што не се лиценцирани за таа дејност. Во тек е активност за формирање на Центар за дневен престој на деца во ризик со индивидуален третман каде што привремено ќе се сместуваат овие деца. Исто така, во тек е лиценцирање на програма за деца на улица која вклучува работа со деца на улица и со нивните родители, планирано е да се вклучи социјален работник. Најголем проблем за ромското население е што не можат да конкурираат на пазарот на труд. Немаат доволно средства за егзистенција, примаат социјална помош што не е доволна. Поради ваквите проблеми тие не ги пуштаат децата на училиште. Условите на ромското население се лоши, немаат сопствени куќи живеат по две фамилии во просторија од 25 квадрати со околу 5 деца. Немаат доволно храна и други средства за основна егзистенција, немаат книги, тетратки и други материјали за училиште. Од здравствен аспект е многу подобро од порано, децата што примаат социјална помош автоматски добиваат здравствени услуги, се наоѓаат во проблеми само кога треба да плаќаат партиципација за здравствената услуга. Исто така, треба да се најде решение и за децата што го напуштаат училиштето. Не секогаш материјалните проблеми се причина за откажување од училиштето. Треба да се едуцираат родителите на децата роми, да се казнуваат да им се менува свеста за нивните деца дека треба да го завршат образованието. Со процесот на воспитание и едукација треба да се почне уште од претшколска возраст. Има примери каде што е работено со група на родители роми кои имаат мали деца од предшколска возраст, за што има позитивни резултати, тие деца понатаму се вклопуваат во системот и го продолжуваат школувањето.

**Семејно насилство**

Психологот на Невладината организација за заштита на жртвите од семејно насилство води родова статистика околу децата жртви на семејно насилство. Има жени што се жртви на семејно насилство кога одат од една во друга средина и децата се со нив кои треба да го продолжат своето образование, има проблеми при запишување во нови училишта, има случаи кога децата доаѓаат од прифатен центар другите деца им прават булинг.

Оваа невладина организација опстојува 30 години има отворено и Советувалиште за жртви на родово базирано и семејно насилство. Има зголемување на бројот на жени жртви на семејно насилство во последните 15 месеци, 53 жени се обратиле за помош до советувалиштето. Околу 27 жени добиваат психолошка поддршка, кариерно советување и правно советување. Досега дале психолошка поддршка само на 4 деца што директно биле вклучени во насилството, затоа што другите деца во голем процент остануваат кај таткото. Како проблем е истакната потребата од кризен центар односно прифатен центар каде што жените жртви на семејно насилство ќе може да се сместат 24

часа, а потоа да им се даде можност да бидат префрлени во Шелтер центар или други можности што ги нуди Општината. Ваква потреба имаат жени и од друга националност албанки, ромки итн. Исто така, советувлиштето има потреба од средства за итни потреби за првично задоволување на потребите на жените. На пример кога бегаат од дома излегуваат со тенка облека, гладни, жедни, боси, такси превоз, до Полициска станица, ако е потребно до болница, заради вакви итни потреби се потребни овие средства. Кариерниот советник укажува на тоа дека не секоја жена што е жртва на семејно насилство е и социјален проблем. Забележани се случаи на дискриминација кога жената е жртва на семејно насилство, а работодавецот го дознава тоа тоа преку недолично однесување на сопружникот, при што ги отпуштаат од работа. Треба да се овозможи дообразување, едукација, квалификација и преквалификација на жените жртви на семејно насилство за стекнување на одредени вештини за вработување што се барани на пазарот на трудот. Така, истите ќе може да се вработат и осамостојат и нема да го трпат семејното насилство. На оваа категорија на жени најчесто им е потребно обезбедување на домување.

**Претставник на Здружението за слепи лица**

Во Здружението за слепи лица членуваат 136 лица, родовата застапеност на мажи жени е еднаква. Здружението располага со сите информации што се однесуваат за лицата со попреченост настојува да ги пренесе на истите, но одзивот за посета на здруженијата е мал. Слепите лица имаат проблем при движењето пешки, затоа што секаде на местата за движење на тротоарите има возила. Лошата инфраструктура во градот ги засега сите лица со попреченост. Недостасува звучна сигнализација на семафорите, не се означени патеките за лицата со попреченост. Тротоарите се непристапни за лицата со попреченост, неопходно е истите да се реконстрауираат да се адаптираат, да бидат спуштени. Јавниот превоз да се прилагоди на лицата со попреченост да се воведе звучно информирање во автобусите за имињата на станиците. На постројките треба да се постави звучна сигнализација, да може да се нагласи која бројка пристигнува.

Во однос на дискриминацијата слепите лица сметаат дека лицата со попреченост меѓу себе се дискриминираат. Се одвојуваат од средината немаат меѓусебна соработка заеднички да настапуваат во остварувањето на своите права. Посебно треба да се работи со членовите на семејствата на лицата со попреченост најпрво тие да ги прифатат, да не се срамат од нив, а потоа преку кампањи да се подигне свесноста на сите граѓани за прифаќање и помош кон оваа категорија на граѓани. Претставниците на слепите лица истакнаа дека постои дискриминација во нивните семејства особено од лицата со албанска националност, членовите на нивните семејства ги кријат лицата со попреченост (се срамат од нив) од другите луѓе.

Неопходно е подигање на свесноста на семејствата преку едукативни програми, кампањи и други форми на комуникација. Исто така, неопходно е да се реализираат кампањи за вработување на оваа категорија на лица во јавниот и приватниот сектор. Особено е потребно да се работи со оваа категорија на граѓани да се мотивираат да се вклучуваат во работните процеси. Секој може да се пронајде во нешто и има капацитет да работи нешто, неопходно е да се мотивира да се презентираат позитивни примери

преку работилници, семинари. Досега има вработено лица со попреченост во мал број, но тоа не е доволно. На лицата со попреченост да им се овозможи поголема застапеност во донесувањето на одлуки и законските решенија, особено нивна задолжителна застапеност при донесувањето правни норми што се однесуваат на остварувањето на правата на лицата со попреченост. Да се овозможи гласање и на лицата со попреченост да се направи шаблон со Брајова азбука за да може и тие лица да гласаат. Конкретно во образованието се преземаат мерки за целосна инклузија на училиштата. Министерството за труд и социјална политика во координација со УНДП даде налог да се направи говорна синтеза, за да може да ги користат лицата со попреченост во образованието. Во училиштата постојат компјутери, но кадарот не е оспособен да ги користи тие компјутери за да може да му објасни на ученикот. Учебниците задолжително да се печатат на брајова азбука да може да ги користат слепите лица, а тие сами да се одлучат дали ќе ги користат по електронски пат или со брајово писмо.

**Потреби на старите лица**

Црвениот крст е лиценциран за работа со старите лица. Се финансираат преку реализација на проекти, во моментот се грижат за 20 стари лица, располагаат со негуватели, волонтери кои ги посетуваат старите лица во нивните домови, и им помагаат во купување, лекови, храна, намирници. Тоа не е доволна бројка, неопходно се потребни лиценцирани даватели на услуги за стари лица кои ќе добиваат надомест за таа услуга. Старите лица се оставени сами да се издржуваат, најчесто децата им иселени во странство или не се во нивна близина за да им ги обезбедат потребните намирници од храна, лекови, носење на лекар итн. Особено е тешко за старите лица кои живеат во непристапни средини, посебно ранливите категории и лицата со попреченост. Старите лица избираат да седат дома, наместо во старските домови. Домот за стари лица е од регионален карактер и има потреба од негова доградба, реновирање и проширување. Основач на старскиот дом е Општината и истата треба да обезбеди средства за тоа. Во домот за стари лица има лица со попречност и стари лица како социјална категорија. Секој има право на нега во својот дом и не можат сите стари лица да бидат сместени во институција. Треба да се усовршуваат, дополнуваат услугите за старите лица, да им се овозможи квалитетно живеење особено на лицата со попреченост, болните лица и оние што живеат во непристапни предели.

**Дневен центар за рехабилитација и реинтеграција на возрасни лица со интелектуална попреченост "ПОРАКА НАША"**

Проблемите се преклопуваат за сите маргинализирани групи на граѓани, неопходно е подигање на јавната свест, да се обезбеди континуирана финансиска поддршка од која е условена одржливоста на институциите. Центарот за рехабилитација и реинтеграција има делумна поддршка од Општината и од бизнис заедницата преку донации. Просториите каде што се наоѓаат се тесни, неопходно е проширување за да може да функционира и да опстојува согласно добиената лиценца како Центар за рехабилитација и реинтеграција. Имаат мала чајна кујна која што е преградена со друга просторија во

која што се работи со семејствата. Семејствата на лицата со интелектуална попреченост се голем проблем од многу аспекти. Проблемот се јавува околу деловната способност на лицата што се во центарот, голем број од нив имаат деловна способност и не се за во Центарот, можат да работат да конкурираат на пазарот на труд, но нивните родители како нивни законски старатели не го дозволуваат тоа, не се согласуваат да потпишат дека нивните деца веќе се деловно способни. Родителите се заинтересирани само за мали групни домови, каде што ќе може да се сместат овие лица после нивната смрт. Дел од членовите немаат родители, старателите се грижат за нив. Корисниците на „Порака Наша" се вклучени во социјалниот живот и се прифатени од заедницата. Новата лиценца што ја доби центарот за го остава акцентот на програмата за реинтеграција. Во дневниот центар членуваат 21 член. Според родова перспектива поголем број се мажи од жени. За женските корисници се разработуваат теми за женското репродуктивно здравје. Има корисници кои се свесни за својата индивидуа, свесни се за нивните семејства, има корисници што сакаат да зборуваат на таа тема, а има и корисници што не сакаат да зборуваат на таа тема. Во Центарот се организираат работилници за готвење, шиење за што повеќе се заинтересирани припадничките на женскиот пол. Неопходно е да се организираат едукативни програми и работилници за родителите/старателите на лицата со интелектуална попреченост да ги пуштат своите деца да работат да може да се осамостојат, а воедно да се отстапи место на други корисници кои имаат ваква потреба. Ова се однесува и за двата центри, затоа што во Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост до 18 години, членуваат лица со над 30 годишна возраст. Ова особено се одразува при реализацијата на програмите, не може возрасни лица да бидат според програма за учење на работи кои се основа на образование, бои, букви итн. Фокусот на Центарот е професионална рехабилитација во насока давање услуги во форма на преквалификација, доквалификација, дообразување, да може секој да ги развие своите способности според неговите афинитети и желби. За да се постигне тоа посебно треба да се работи со на мотивацијата на лицата да се вклучат во работните процеси да ја осетат убавината на самостојното живеење. Центарот има потреба од кадри, во моментот се вработени две лица - дефектолог и психолог, а имаат потреба од медицинска сестра и хигиеничарка. Финансиските средства се најголемиот проблем за реализација на сите зацртани програми.

На 23.04. 2024 се одржа фокус група само со родителите/старателите на лицата со интелектуална попреченост, кои се корисници на Центарот за рехабилитација и реинтеграција "Порака Наша од Куманово"

На Фокус групата присуствуваа 6 родители и еден старател на 9 лица со интелектуална попреченост, од кои 3 со тешка интелектуална попреченост, едно лице со даунов синдром, а пет со умерена интелектуална попреченост. Лицата со интелектуална попреченост се на возраст од 34 до 58 години, седум лица се од машкиот пол, а две лица се од женскиот пол. Лицата со интелектална попреченост редовно го посетуваат Центарот за рехабилитација и реинтеграција, некои од нив доаѓаат сами во Центарот или со превоз, најчесто со такси. Родителите се изјаснија дека многу се задоволни од услугите што ги дава Центарот за рехабилитација и реинтеграција. Голем дел од

корисниците Центарот го посетуваат повеќе од десет години и кај истите има напредок во однесувањето и осамостојувањето во движењето како резултат на грижата и заложбата на одговорните лица во Центарот за рехабилитација и реинтеграција. Социјалниот статус на семејствата на лицата со интелектуална попреченост е задоволителен, некои од нив користат социјален додаток, туѓа нега или социјална пензија Од досегашното користење на Центарот, кај лицата со интелектуална попреченост е согледен интерес кон некои вештини како што е цртање, музика, историја, готвење. Дел од лицата со умерена интелектуална попреченост со обука и усовршување на одредени вештини можат да се вклучат во работен процес во присуство на ментор помошник во работниот процес или ментор мотиватор. Родителите сите искажаа потреба за грижа за нивните деца после нивната смрт, да се сместат во групен дом од каде ќе добиваат 24 часовна поддршка за нормално живеење. Во однос на можноста за стекнување на работна вештина и и вклучувањето во работен процес на пазарот на труд, родителите се однесуваат премногу заштитнички, при што изразија дека се согласни нивните деца да се вклучат во пазарот на труд, но само во присуство на ментори. Тие сметаат дека нивните деца не би можеле самостојно да се снајдат во работна средини и дека тоа би преставувало опасност за нив. Родителите изразија интерес за потреба од психотерапетски третмани од специјализирани лица кои ќе бидат постојано присутни во Центарот. Родителите сметаат дека корисно е нивните деца да стекнуваат нови вештини, а видот на вештината да биде утврдена во координација со лицата од Центарот и афинитетите на корисниците во Центарот. Родителите на лицата со попреченост изразија дека не се запознаени со правата на лицата со попреченост и можностите и бенифициите кои им следуваат согласно законите.

Генерални коментари од учесниците во дискусијата:

- Сите искажаа висок степен на задоволство од функционирањето на Центарот за реинтеграција и рехабилитација
- Корисниците се високо мотивирани и искажуваат задоволство од ангажманот и дружењето во Центарот.
- Родителите изразија интерес за потреба од психотерапетски третмани од специјализирани лица кои ќе бидат постојано присутни во Центарот.
- Центарот помага во развојот на одредени работни вешти, како што се шиење, готвење, дизајнирање на продукти и друго.
- Речиси сите искажаа потреба нивните деца да ги развијат работните вештини, а искажаа страв за вклучувањето на пазарот на труд, бараат поддршка од ментори во работната средина.
- Сите го споделија задоволството од стекнатите навики кај корисниците за хигиенски навики и зголемена комуникација.
- Сите ја споделија загриженоста за грижата кон нивните деца после нивната смрт и побара да се развие соодветен модел на групни домови во нивната општина, но каде што ќе има вистинска грижа за нив и ќе може да им се пружи содржина на работен ангажман и реинтеграција.

## 7. Заклучоци и Препораки

Врз основа на податоци и резултати добиени при анализа на документи, прашалник и фокус група за ранливите категории на граѓани на териотријата на општина Куманово можеме да заклучиме дека најранлива категорија на граѓани се лицата со попреченост од кои лицата со тешка телесна попреченост и интелектуална попреченост;

Голем дел лицата со попреченост се без основно образование или се само со основно образование што претставува голема причина за неможноста да се вработат или да добијат подобро платена работа;

Околу 71% од лицата со попреченост се невработени, а интересот за вработување е многу мал, а особено е значајно да се истакне дека лицата од женскиот пол имаат многу мал интерес за работа;

Малиот интерес за вработување се должи и на фактотот дека повеќе од половината не се во брачна заедница сеуште живеат со нивните родители или стратели, добиваат социјална помош и на некој начин се чуствуваат сигурни дека има некој да се грижи за нив;

Фактот што се невработени во голем процент се одразува на квалитетот на живототот на лицата со попреченост, односно голем дел живеат во сиромаштија, имаат многу мали приходи што се недоволни за задоволување на основните услови за живот, храна, вода, затоплување, домување итн;

Лицата од женскиот пол во поголем процент не се сопственички на домови;

Во однос на видот на попреченост лицата со тешка телесна попреченост и лицата со интелектуална попреченост имаат лоша здравствена состојба, од кои поголем процент се лица од машкиот пол;

Лицата со попреченост, кои не ги добиле потребните здравствени услуги, најмногу им недостасува патронажната услуга и превозот до здравствената установа;

Лицата со попреченост како најизразени ги имаат следните потреби: паметна алка за мерење на крвен притисок, инвалидска количка со адаптација за тоалет и производи за временска ориентација;

Лицата со попреченост сметаат дека се заборавени од заедницата, го изразуваат незадоволството и од здравстевените услуги и од целокупната грижа од заедницата од советодавната и информативната улога на Центарот за социјални работи и од советодавната и информативната улога на здруженијата/синдикатите на лица со попреченост;

Лицата со попреченост имаат потреба од поголема врска со општината, потребата од посета од социјален работник за да може да ја информираат општината за своите проблеми, потреба за пристап до информации на едноставен и разбирлив јазик, потреба од психосоцијално советување и повеќе од половина имаат потреба од правна помош;

Повеќе од 50% од лицата со попреченост имаат потреба од организиран превоз;

Во однос на дискриминацијата најдискриминирани се чуствуваат лицата со телесна попреченост, потоа следуваат лицата со интелектуална пореченост, лицата со оштетен

вид и слепи лица и оштетен слух и глуви лица, повисок е процентот на лицата од машкиот пол што се чуствуваат дискриминирани;
Во однос на безбедноста на лицата со попрченост од природни непогоди и други катастрофи една третина од ниив не знаат како да се справат со одредена катастрофа и сметаат дека медиумите (телевизија, радио, весник или интернет) не се прилагодени на потребите на лицата со попреченост. Според родовата застапеност поголем е процентот на лицата од женскиот пол што не се информирани и незнаат како да се справат со одредена катастрофа;
Дневниот центар за лица со попреченост го користат лицата со интелектуална попреченост и лицата со телесна попреченост, а побројни се лицата од машкиот пол и лицата што живеат во град.
Од услугите на Центарот за рехабилитација и реинтеграција, испитаниците најповеќе имаат потреба од услугата моторен развој, потоа за развивање на работни вештини, професионална рехабилитација-ориентација;
Фокусот на Центарот е професионална рехабилитација во насока давање услуги во форма на преквалификација, доквалификација, дообразување, да може секој да ги развие своите способности според неговите афинитети и желби.
**Врз основа на анализа на поткатегориите на лица со попреченост, кои се најизложени на петте ризик фактори, може да се заклучи дека кај сите ризик фактори, најзиложени се**:

- **Жените и девојките со попреченост, особено со интелектуална попреченост;**
- **Лицата со тешка телесна попреченост и лицата со интелектуална попреченост.**

**Препораки за интервенции за поддршка на најранливите групи преку јакнење на капацитетите на Центарот за рехабилитација и реинтеграција**

**Воведување на Нови услуги, методи и техники на работа со лица со попреченост од кои:**

- Активирање на потенцијалите на лицата со попреченост;
- Портфолио на иновативни индивидуални и групни услуги;
- Вовед во нови методи и техники за работа со лица со попреченост , како на пример: ABA (Applied Behaviour Analysis), PECS (Picture Exchange Communication System), Монтесори, асистивни технологии, неурофидбек метода, музикотерапија, арт терапија и сл. - клучни аспекти, цели, примена кај корисници

**Работно оспособување на лицата со попреченост и вклучување на пазарот на труд:**

- Проценка на способностите за работна окупација;
- Соодветен работен ангажман според функционалноста на лицата со попреченост;
- Видови окупациона терапија и начини на спроведување;
- Развој на меки вештини;
- Мотивирање на лицата со попреченост и нивните семејства за работно ангажирање;

- Поддржано вработување;
- Менторство

**Поддршка на семејствата на лицата со попреченост**

- Проценка на потребите за поддршка на семејствата на лицата со попреченост;
- Креирање портфолио на услуги за семејствата;
- Потреба од организирање на едукативни и информативни работилници, преку презентација на добри примери за родителите на лицата со интелектуална попречност да го сватат значењето на осамостојувањето на нивните деца, да им помогнат на своите деца во процесот на нивната рехабилитација и реинтеграција;

**Физиотерапевтска поддршка на лицата со попреченост и инклузија преку спорт:**

- Физичка активност за лица со попреченост без или со едноставни помагала;
- Нови методи за физиотерапија-кинезитерапија, акупресура, сензомоторна стимулација со помагала, апарати и справи, пилатес, јога;
- Адаптирани спортови;
- Инклузија преку спорт;

**Улогата на центрите во создавање инклузивни заедници**

- Подигање на свеста за инклузија на лицата со попреченост
- Интеграција на корисниците во заедницата
- Градење партнерства и соработка со сите релевантни чинители во заедницата (институции, НВО, деловен сектор, и сл.)
- Изнаоѓање начини заподобрување на условите во постојните дневни центри, да се прошират, адаптираат и реновираат, потребата од воведување на работа во две смени да може лицата со попреченост да престојуваат и во попладневните часови.
- Дневните центри за рехабилитација и реинтеграција во координација со Општината да обезбедат услови за спортување да имаат можност лицата со попреченост да учествуваат на специјална олимпијада за лица со попреченост.
- Да се обезбедат потребните кадри во Центарот за рехабилитација и реинтеграција медицинска сестра и хигиеничарка.
- Да се изнајдат можности да се обезбедат потребни финанските средства за реализација на зацртаните програми

**Услуги за информирање**

- Центарот за социјални работи и другите невладините организации надлежни за лицата со попреченост, неопходно е да ја зајкнат својата советодавна и информативна улога, преку јакнење на системите за информирање од организациски, кадровски и технички аспект.

- Да организираат информативни денови и едукативни работилници за начините и можностите на користење на услугите. Упатување за начините на користењето на постоечките форми на комуникација.
- Да се обезбеди доволен број на лица кои ќе обезбедат континуирано давање на совети на лицата со попреченост и на нивните родители за правата и услугите од социјална и здравствена заштита;
  - Информирање на родителите за постапката за пријавување на кршење на правата на лицата со попреченост;

**Препораки за интервенции за поддршка на најранливите групи, преку мерки на општината:**

- Од страна на Центарот за социјални работи и другите организациите надлежни за лицата со попреченост да организираат советодавни и едукативни работилници за родителите, членовите на семејствата и лицата со попреченост да го разберат значењето на образованието, со што ќе ги поттикнуваат за школување и завршување на сите нивоа на образование, особено жените и девојките;
- Општината, заедно со организациите на лицата со попреченост и со организациите за заштита на женските права да преземе активности за подигнување на свеста за да се зголеми процентот на жени со попреченост, сопственички на домот;
- Да се обезбедат средства преку донации и субвенции, лицата со попреченост да ги добијат средствата кои им се неопходни за нивно функционирање и подобрување на квалитетот на животот (инвалидски колички, адаптирани тоалети, апарати за мерење притисок идр.);.
- Општината да преземе мерки да ја популаризира работата на народната кујна меѓу лицата со попреченост и да го зголеми бројот на корисници за да може да бидат корисници и најсиромашните лица со попреченост;
- Општината да преземе мерки за организирање на превоз на лицата со најтешка форма на телесна попреченост, за да може да пристигнат до најчесто посетуваните места;
- Општината да преземе активности за отворање на групен дом за заедничко живеење на лица со слична попреченост;
- Општината, Центарот за социјални работи и организациите на лицата со попреченост да подготват целосна евиденција на лицата со попреченост;
- Поради ниската доверба во институциите од страна на лицата со попреченност, Општината треба да пристапи кон кампањи кои ќе ја јакнат довербата во институциите, како што е едукација за законските можности за нивата заштита и презентација на позитивни примери на лица со попреченост кои ги оствариле своите права преку институциите;
- Посебно Општината, Центарот за социјални работи и други релевантни институции треба да преземаат активности за јакнење на довербата во институциите од страна на лицата од женскиот пол, преку едукативни работилници и други форми на информирање и едуцирање за значењето, можностите и бенифициите што може да ги добијат;

- Организациите/сојузите на лицата со попреченост да ги зајакнат своите капацитети во заштитата на правата на лицата со попреченост;
- Општината, Центарот за социјални работи и организациите на лицата со попреченост да преземат мерки за соодветно и сепофатно информирање на лицата со попреченост за правата кои произлегуваат од националниот и локалниот систем на социјална заштита;
- Општината да организира тркалезни маси со преставници од лицата со попреченост да се изменат регулативите околу парична помош, зголемување на надоместоците за социјалните услуги, воведувањето на субвенции и ослободување од трошоци за лицата со попреченост;
- Општината и другите институции кои се надлежни за лицата со попреченост, преку донации, проекти од домашни и меѓународни организации, приватниот сектор да обезбеди средства за отварање на групен дом за престој на лица со попреченост кога ќе останат сами по смртта на нивните родители и дневен центар за физикална терапија на лица со попреченост со тим од лекари ментори.
- Интегрирање на прашањата на лицата со попреченост во локалните планови за справување со кризи.

Препораки во согласност со ЦОР

| Идентификување на проблеми | ЦОР[1] | Ефект (Среден; Низок; Висок) | Специфична цел | Индикатор | Клучна институција |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ЦОР 1** | | | | |
| Околу 1/3 минатиот месец оствариле приход под 12 000 денари, а 73% не можат да ги задоволат основните потреби во текот на месецот, што претставува сериозен показател за сиромаштија; Показатели за екстремна сиромаштија се 22% од испитаниците барем еднаш во месецот биле гладни, 55% имале проблеми да го затоплат домот, 60,7% да си купат месо или негова замена и 22% да купат лекови. Околу 26,2% имаат потреба од користење на | Препорака 1<br>Општината, заедно со Центарот за социјални работи и локалните организации на лицата со попреченост да создаде комплетна база на податоци за лицата со попреченост, со информации за нивната социјална положба за да може да ја користи при планирањето на мерките и подготовката на потенцијални проекти за грантови за поддршка на оваа ранлива категорија на граѓани.<br>Препорака 2<br>Општина Куманово, во соработка со други релевантни институции за лицата со попреченост да отвори мали групни домови каде | Висок | Цел 1.4: До 2030 година, да се осигура дека сите мажи и жени, особено сиромашните и ранливите, имаат еднакви права на економски ресурси, како и пристап до основни услуги, сопственост и контрола врз земјиштето и другите форми на имот, наследство, природни ресурси природни ресурси, соодветна нова технологија и | 1.4.1 Пропорција на населението кое живее во домаќинства со пристап до основни услуги | Општина Куманово |

**Komentar [SM1]:** Да се разделат има повеќе препораки.

[1]Ве молиме овде наведете која ЦОР е приоритет. Внесете 3 до 5 приоритетни ЦОР кои укажуваат на односните области на политики каде се дадени препораки и согласно LNOB групата.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| услугите од народната кујна. | што ќе бидат сместувани лицата со попреченост, особено со интелектуална попреченост, откако ќе останат сами без родителска грижа.<br>Препорака бр.3<br>Општината, Центарот за вработување, Центарот за рехабилитација и реинтеграција и други образовни институции да реализираат активности за дообразување, квалификација и доквалификација на лицата со попреченост за создавање на вештини кои ќе им овозможат полесно наоѓање на работа;<br>Прпорака бр.4<br>Од страна на Центарот за социјални работи и другите организациите надлежни за лицата со попреченост да организираат советодавни и едукативни работилници за родителите, членовите на семејствата и лицата со попреченост да го разберат значењето на образованието, со што ќе ги поттикнуваат за школување и завршување на сите нивоа на образование. | | финансиски услуги, вклучително и микрофинансирање | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Приближно 40% од лицата со попреченост имаат потреба од помош во реализирање на лични и домашни активности. Најголемиот дел од нив, имаат потреба од помош во одржувањето на хигиената во домот и пазарење на намирници. **1/3 од испитаниците се изјасниле за потребата од личен асистент;** **Околу 15% од испитаниците не се запознаени со постоењето на Дневен центар, 27% со постоење на социјален клуб за лица со попреченост;** | Прпорака бр.5<br>Општината да преземе мерки за обезбедување на поддршка во домот на возрасните и децата со попреченост.<br>Прпорака бр.6<br>Центарот за социјални работи и другите невладините организации надлежни за лицата со попреченост, неопходно е да ја зајакнат својата советодавна и информативна улога, преку јакнење на системите за информирање од организациски, кадровски и технички аспект. Да организираат информативни денови и едукативни работилници за начините и можностите на користење на услугите. Упатување за начините на користењето на постоечките форми на комуникација. Да се обезбеди доволен број на лица кои ќе обезбедат континуирано давање на совети на лицата со попреченост и на нивните родители;<br>Прпорака бр.7<br>Една третина од испитаниците имаат потреба од рехабилитација | Висок | Цел 1.4: До 2030 година, да се осигура дека сите мажи и жени, особено сиромашните и ранливите, имаат еднакви права на економски ресурси, како и пристап до основни услуги, сопственост и контрола врз земјиштето и другите форми на имот, наследство, природен ресурси, соодветна нова технологија и финансиски услуги, вклучително и микрофинансирање | 1.4.1 Пропорција на населението кое живее во домаќинства со пристап до основни услуги | Општина Куманово |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | и реинтеграција.  Ова укажува на насочување на Општината кон обезбедувањето на средства за лица за нега и грижа во домот и како лични асистенти;<br>Препорака бр. 8<br>Постоечките дневни центри да изнајдат начини и можности за квалитетно обезбедување на услугата рехабилитација и реинтеграција, преку реализација на проекти, апликативни дејности, донатори и други форми да се обезбедат средства за адаптирање, реновирање, опремување на центрите и нивно кадровско екипирање; | | | | |
| | ЦОР 4: Квалитетно образование: Обезбедете инклузивно и правично квалитетно образование и промовирајте можности за доживотно учење за сите | | | | |
| Основните и средните училишта не се доволно пристапни за децата со телесна и сензорна попреченост. | Препорака 9<br><br>Општината да изгради пристапни рами на училиштата, да ги подобри постоечките пристапни рампи, да изгради пристапни површини околу влезовите на | Медиум | 4.а: Изградете и надградете ги образовните објекти кои се чувствителни на децата, попреченоста и полот | 4.а.1 Пропорција на училишта кои нудат основни услуги, по вид на услуга | **Општина Куманово** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | училиштата и да направи прилагодување на тоалетите и просториите во училиштето, почитувајќи ги правилата за универзален дизајн за лица со попреченост. | | и обезбедуваат безбедни, ненасилни, инклузивни и ефективни средини за учење за сите | | |
| Недостатокот од целодневна настава и/или центар за дневна грижа за децата со попреченост, кои не се корисници на Дневниот центар за лица со попреченост, резултира со немање на можности за згрижување на децата после наставата, дополнителна работа со специјален едукатор и намалена вработеност на родителите/старателите | Препорака бр.1<br><br>Креирање на паралелка за целодневна настава во некое од основните училишта, во кое ќе бидат опфатени деца со попреченост и ќе работат со специјален едукатор и/или формирање на центар за грижа на деца од училишна возраст во период пред или после посета на училиште. | High | *4.a: Build and upgrade education facilities that are child, disability and gender sensitive and provide safe, non-violent, inclusive and effective learning environments for all* | 4.a.1 Пропорција на училишта кои нудат основни услуги, по вид на услуга | Општина Куманово |
| | SDG 11: Одржливи градови и заедници: Направете градови и човечки населби | | | | |
| **63,1% имаат проблеми со движењето и им треба** | Препоарак бр. | **High** | 11.2: До 2030 година, да се обезбеди | 11.2.1 Пропорција на население кое | Општина Куманово |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **помош, од кои побројни се лицата со попреченост од машкиот пол кои имаат проблеми во движењето со потребна помош. Значителен дел од лицата со попреченост имаат проблем да стигнат до амбуланта, а особено овој проблем го имаат лицата кои живеат во село.** | Општината да преземе активности за поддршка на лицата со попреченост кои се неподвижни или се во инвалидска количка и оние кои се во лоша здравствена состојба.<br>Прпорака бр.2<br>Се препорачува Општината, Центарот за социјални работи, Црвениот крст да изнајдат начини, преку проекти и апликации до Министерството за труд и социјала да обезбедат средства за реализирање на разни форми на помош и поддршка на оваа категорија на граѓани.<br>Прпорака бр. 3<br>Општината да обезбеди мерки за транспортна поддршка на тешко подвижните лица со попреченост до здравствените установи во општината; | | пристап до безбедни, достапни, достапни и одржливи транспортни системи за сите, подобрување на безбедноста на патиштата, особено со проширување на јавниот превоз, со посебно внимание на потребите на оние во ранливи ситуации, жените, децата, лицата со посебни потреби и постари лица | има удобен пристап до јавен превоз, според пол, возраст и лица со попреченост | |
| Голем број на згради во надлежност на општината и на јавни површини, вклучително паркови, тротоари и паркинзи не се доволно пристапни за | Препорака 1<br>Адаптација на објектите, инфраструктурата и урбаната опрема во општината за да биде | **Среден** | 11.7: До 2030 година, да се обезбеди универзален пристап до безбедни, инклузивни и достапни, зелени и | 11.7.1 Просечен удел на изградената површина на градовите што е отворен простор за | Општина Куманово |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| возрасните и децата со телесна попреченост и/или лицата со оштетен вид | пристапна за лицата со попреченост. | | јавни простори, особено за жените и децата, постарите лица и лицата со попреченост | јавна употреба за сите, според пол, возраст и лица со попреченост | |

| **Problem identification** | **SDG**[2] | **Effect (Medium; Low; High)** | **Target** | **Indicator** | **Key institutions** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **SDG** | | | | |
| | **Recommendation 1** | | | | |
| | **Recommendation 2…** | | | | |
| | **SDG** | | | | |
| | **Recommendation 1** | | | | |
| | **Recommendation 2…** | | | | |
| | **SDG** | | | | |

[22]Ве молиме овде наведете која ЦОР е приоритет. Внесете 3 до 5 приоритетни ЦОР кои укажуваат на односните области на политики каде се дадени препораки и согласно LNOB групата.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Recommendation 1** | | | | |
| | **Recommendation 2…** | | | | |